# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>31.12.2014 год.<br>БРОЈ 17 ГОДИНА 49 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2017 година | 5 |
| 2. | Одлука за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2015 година | 14 |
| 3. | Одлука за усвојување на Програмата за финасиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2015 година | 25 |
| 4. | Одлука за усвојување на Развојна Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2015-2017 година | 29 |
| 5. | Одлука за усвојување на Развојната Програма за образование за 2015 – 2017 година | 42 |
| 6. | Одлука за усвојување на Развојната Програма за детска заштита за 2015 - 2017 година | 57 |
| 7. | Одлука за усвојување на Програмата за социјална заштита за 2015 година | 63 |
| 8. | Одлука за усвојување на Програмата за спорт за 2015 година | 68 |
| 9. | Одлука за усвојување на Програмата за култура за 2015 година | 70 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2015 година | **79** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година | **83** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Програмата за јавна чистота за 2015 година | **91** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2015 година | **100** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за 2015 година | **103** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2015 - 2017 година | **112** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување за период од 2015 - 2017 година | **115** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за јавно осветлување за 2015 - 2017 година | **117** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2015 - 2017 година | **120** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за 2015 - 2017 година | **125** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2015 година | **128** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2015 - 2017 година | **130** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид за 2015 година | **136** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2015 година | **150** |

| | | |
|---|---|---|
| **24.** | Одлука за усвојување на Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2015 година | **160** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2015 година | **162** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за потикнување на локалниот економски развој и туризмот и поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2015-2018 година | **171** |
| **27.** | Буџет на единицата на локалната самоуправа Охрид за 2015 година | **173** |
| **28.** | Одлука за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2015 година | **218** |
| **29.** | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за начинот и поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од барателите на финансиската поддршка | **221** |
| **30.** | Одлука за усвојување на Програмата за тековно работење на МЈП„Проаква“ Струга РЕ„Водовод“ Охрид за 2015 година | **222** |
| **31.** | Одлука за усвојување на Програмата за тековно работење на ЈП„Нискоградба“ - Охрид за 2015 година | **223** |
| **32.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид за 2015 година | **224** |
| **33.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за 2015 година | **225** |
| **34.** | Одлука за усвојување на Програмата и планот за работа на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за 2015 година | **226** |
| **35.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Градски Пазар Охрид за 2015 година | **227** |
| **36.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид | **229** |
| **37.** | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид за укинување на подружници | **233** |

| | | |
|---|---|---|
| **38.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид | **235** |
| **39.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини Извори“ – Охрид | **237** |
| **40.** | Одлука за отстапување на користење на паркинг простор од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид | **239** |
| **41.** | Одлука за давање согласност на Одлуките за усвојување на спогодбата за присоединување на ЈП„Погребни услуги“ Охрид кон ЈП„Градски гробишта“ Охрид | **240** |
| **42.** | Одлука за усвојување на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2015 година | **243** |
| **43.** | Одлука за донесување Детален урбанистички план за градежна парцела бр.11.4.2 на КП.бр.4498/1 во УЗ 11 дел од УБ 11.4 КО Охрид 4, општина Охрид, плански период 2012- 2017 | **264** |
| **44.** | Одлука за донесување Детален урбанистички план за градежна парцела бр.13.4.1 на КП.бр.1366 во УЗ 13, УБ 13.4 КО Охрид 4, општина Охрид, плански период 2012- 2017 | **266** |
| **45.** | Одлука за донесување Детален урбанистички план за УЗ 7, блок 7.2, опфат 2 - Охрид, општина Охрид, плански период 2011–2016 | **267** |
| **46.** | Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | **269** |
| **47.** | Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на ДУП за ГП 1 во УЗ 4 дел од УБ 4.1 на КП.бр.13688 КО Охрид 3, општина Охрид | **270** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 - 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 - 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/3**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

## Г2 РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 -2018 ГОДИНА

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за Одржлив Развој на Туризмот на Општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој , при што Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, за буџетската 2015, 2016, 2017 и 2018 година ја предвидува програмата поврзана со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

**ОПФАТЕН ПЕРИОД ВО ПРОГРАМАТА:**

Во предог програмата опфатен е четиригодишен период со цел да бидат офатени активности кои по својот карактер не можат да се реализираат на годишно ниво.
Имено согласно донесената Одлука на Совет, финансирањето на одредна поддршка кон авио превозници ќе се финансира во период од 4 (четири) години во кои се распоредени средства во износ од **6.100.000,оо ден. за 2015, 12.200.000,оо за 2016, 12.200.000,оо ден. за 2017 и 6.100.000,оо ден. за 2018 год** или вкупно **36.600.000,оо ден.** за сите години.
Од вкупниот износ на средствата, за 2015-2018 во износ од **52.600.000,оо ден.** развојната програма за потикнување на туризмот на Општина Охрид за буџетската 2015 година ќе се реализира **10.000,000,оо денари**.

Остатокот **од 42.600.000,оо денари** по својата поблиска намена ќе бидат дефинирани со буџетот за 2016, 2017 и 2018 година:

**Средства предвидени за 2016 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2017 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 15.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 16.200.000,оо ден. |

**Средства предвидени за 2018 година**

| | |
|---|---|
| Средства предвидени предвидени како приход од Таксата за привремен престој | 9.200.000,оо ден. |
| Буџетски приходи по други основи | 1.000.000,оо ден. |
| Вкупно | 10.200.000,оо ден. |

**Извори на финансирање на програмата**

Програмата за 2015 година предвидува приходна ставка од **10.000.000,00 денари**:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 10.000.000,оо ден. |
| | **Вкупно** | **10.000.000,оо ден** |

Забелешка: Од Таксата за Привремен престој за 2015 година, предвиден е прилив од 15.000.000,00 МКД, од кои 10.000.000,00 МКД ќе бидат наменети за финансирање на Програмата за Равој на туризмот, а останатите 5.000.000,00 МКД ќе бидат прераспределени во други програми на општина Охрид преку кои директно или индиректно ќе се влијае врз развојот на туризмот.

**I. Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2015 година**

Современите светски туристички текови покажуваат дека туризмот представува еден од најзначајните развојни потенцијали на глобално ниво, при што се поголем број на луѓе во светот патуваат во туристичките дестинации задоволувајки ги своите различни интереси. Општината и градот Охрид со својата географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, Националниот Парк “Галичица”, живописните рурални области, традиција и гостопримливост како конкурентни предности претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите.

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни сегменти во туристичката дејност со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за одржлив економски развој на Општина Охрид и усвоените приоритети:

I. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
II. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
III. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
IV. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2015 година“** која ке се реализира преку следните активности**:**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2015 ќе продолжи со активностите за евиденција регистрација, категоризација, и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**Превиден Буџет 0 ден**

**1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од областа на туризмот во Охрид. Во овој центар туристите ќе добиваат информации за сместување и други корисни информации поврзани со туристичката понуда на градот и календар на настани. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос. Изградбата на овој објект е восклоп на проектот WATERNET, одобрен и финансиран од Програмата за прекугранична соработка со Грција во рамки на ИПА Програмата за Р Македонија.

**Превиден Буџет 600.000,00 ден**

**1.3 Одбележување (сигнализација) на туристичките места**

Со цел на потенцијалните посетители (туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните, историските и природните места, со оваа програмска активност се предвидени поставување на туристичка сигнализација (патокази, клупи и настрешници на видиковци), како и одбележување и уредување на полетно – слетни локации за параглајдери. Активноста е во склоп на проектот “Кон алтернативен Туризам“, во кој Општина Охрид учествува како партнер, со што целосното финансирање ќе биде обезбедено од страна на главниот апликант МРФ (Македонска Развојна Фондација за Претпријатија), во рамки на IPA CBC 2011.

**<u>Превиден Буџет 0 ден</u>**

**1.4 Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем**

Оваа програмска активност предвидува субвенционирање на регистрирани и категоризирани станоиздавачи од мал обем, кои согласно законските регулативи редовно ги подмируваат обврските за исплата на Туристичка Такса. Субвенционирањето би се реализирало на полугодишна основа, по евидентирање на уплатената туристичка такса од страна на приватниот станоиздавач, а во период од 6 месеци. На овој начин, приватните станоиздавачи би биле охрабрени за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата на туристичката такса, како и намалување на прикривањата на нејзина уплата, кои се евидентирани во изминатиот период од страна на инспекциските служби. Дополнителните анализи ќе ја утврдат висината на субвенцијата, како и останатите критериуми кои ќе треба да се исполнат за да може да се добијат субвенциите.

**<u>Превиден Буџет 350.000,00 ден</u>**

**1.5 Субвенционирање на авио превозници**

Цел на доделување на финансиска поддршка е поттикнување на туризмот и локалниот економски развој со создавање на услови на посета на странски туристи на градот по подостапни цени во воздушниот сообраќај и поедноставен пристап преку користење на воздушен сообраќај со директен трансфер до Аеродромот Св. Апостол Павле –Охрид. Исплата на средства за оваа намена предвидено е во 2015, 2016, 2017 и 2018 година и истите ќе бидат вклопени во буџетите за 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

**<u>Превиден Буџет 6.100.000,00 ден</u>**

**1.6 Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор**

Преку оваа програмска активност се предвидува организација на серија обуки на давателите на услуги во туристичко – угостителскиот сектор. Преку нив е предвидено да се изврши стручно усовршување на одредени квалификации во однос на видот и начинот на давање на услуги во туристичкиот и угостителскиот сектор (приготвување и послужување на храна, бон тон во угостителството, промоција и маркетинг на услугите и слично). Овие обуки ќе се организираат во соработка со Факултетот за Туризам и Угостителство, како и со други институции кои се специјализирани за оваа област. Се очекува со

реализацијата на овие обуки да се подигне квалитетот на сервисот и услугите во туристичко-угостителскиот сектор. Видот и типот на обуките ќе биде согласно потребите утврдени од анкетните истражувања на приватниот сектор реализирани во 2014 година.

**Превиден Буџет 60.000,00ден**

**Вкупно планиран буџет за 1: 7.110.000.00 ден.**

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

### 2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји, како од регионот така и од европските држави, заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**Превиден Буџет 60.000,00 ден**

### 2.2 Соработка со странски туроопeратори.

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроопeратори, размена на искуства и склучување договори. Промотивната тура која беше реализирана во 2014 година, наметна потреба од редовно годишно организирање на ваков тип на промотивни тури, која нуди активна туристичка промоција и непосредно запознавање на странските туроператори со туристичката понуда која ја нуди градот Охрид.

**Превиден Буџет 500.000,00 ден**

### 2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив. Промоциите на туристички берзи ќе се реализираат во соработка со Националната Агенција за поддршка и промоција на туризмот, хотелските асоцијации, туристичките агенции и туроператори. Веодно, во оваа ставка се предвидени и организирани промоции на туристичкиот потенцијал во таргетирани странски држави, по теркот на реализираните промоции на Охрид во 2014 година во Советот на Европа во Стразбур, Франција, и Прага, Чешка Република. На овој начин, директно и непосредено на присутните туристички работници и стејкхолдери од таргетираните држави каде би се одржувала промоцијата, им се дава можност да се запознаат со туристичкиот потенцијал на Охрид, активност во која непосредно се вклучуваат и туристичките работници од Охрид со нивно присуство и директни B2B сердби со своите колеги од државите каде се одржува промоцијата.

**Превиден Буџет 300.000,00 ден**

**2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи од алтернативните форми на туризам**

Со реализација на оваа програмска активност, ќе се овозможи активна и непосредна презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Алтернативните форми на туризмот се најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Во склоп на реализација на оваа програмска активност, ќе се реализираат повеќе видови на манифестации, меѓу кои:

- Манифестацијата “Охридска софра 2015”
- Фестивалот “Вино и сирење”

**Превиден Буџет 400.000,00 ден**

**2.5. Организација на “ЛЕТО 2015”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2014” која би се одржала во месец јули и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид.

**Превиден Буџет 300.000,00 ден**

**2.6. Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Изработка на саемски банери,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.
- Изработка на видео спотови за различни сегменти на туристичката понуда: ноќен живот, култура, активен туризам, забава, гастрономија...).

**Превиден Буџет 800.000,00 ден**

**2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем**

- Ажурирање и одржување на веб страна www.ohrid.com.mk,
- Поставување и одржување на инфо пултови,
- Изработка и поставување на билборди и City Light – реклами со туристички мотиви од Охрид.

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 2: 2.390.000.00 ден.**

# 3. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

## 3.1. Подготовка на проекти и проектно управување

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.

Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

- Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
- Превод на стручна литература,
- Консултантски услуги за специфични проектни активности,
- Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 30.000,00 ден**

## 3.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области: **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, **регионални проекти, меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект**

**Превиден Буџет 120.000,00 ден**

## 3.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 год** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | |
| **1** | **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | 1.1. | Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | 0,00 |
| | 1.2. | Туристички информативни центри | 600.000,00 |
| | 1.3. | Одбележување (сигнализација на туристички места | 0,00 |
| | 1.4. | Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 350.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1.5. | Субвенционирање на авио превозници | 6.100.000,00 |
| | 1.6. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко угостителскиот сектор | 60.000,00 |
| | | **Вкупно 1** | **7.110.000,00** |
| **2** | **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |
| | 2.1. | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 60.000,00 |
| | 2.2. | Соработка со странски туроператори | 500.000,00 |
| | 2.3. | Презентација на меѓународни туристички берзи | 300.000,00 |
| | 2.4. | Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | 400.000,00 |
| | 2.5. | Организација на “ЛЕТО 2015,“, | 300.000,00 |
| | 2.6. | Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда | 800.000,00 |
| | 2.7. | Презентација на сместувачките капацитети/развој на информатички систем. | 30.000,00 |
| | | **Вкупно 2** | **2.390.000,00** |
| **3** | **Подготовка на проекти и проектно управување** | | |
| | 3.1. | Подготовка на проекти и проектно управување | 30.000,00 |
| | 3.2. | Средства за сопствено учество во имплементација на проекти | 120.000,00 |
| | 3.3. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | 350.000,00 |
| | | **Вкупно 3** | **500.000.00 ден.** |
| | | **ВКУПНО** | **10.000.000,00 ден** |

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори.

**Превиден Буџет** **350.000,00 ден**

**Вкупно планиран буџет за 3:** **500.000.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2015:** **10.000.000,00 ден**

РЕКАПИТУЛАР:

**Број 07-4189/3-1**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/4**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/4**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Вовед**

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој,** како и **Стратегијата за Рурален Развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2015 год. во износ | **2.613.500,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи | **6.000.000.00 ден** |
| | Вкупно | **8.613.500,00 ден** |

I. **ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на

економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2015 година.

## 1.1 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА

### 1.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014.

Активноста ќе се реализира преку објавување на јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници.

Предвиден буџет 400.000,00 ден

### 1.1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година

Земјоделството и руралниот развој се клучните претпристапни елементи на Македонија за влезот во Европската унија. Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид претставува основен стратешки развоен документ за периодот 2014-2018 година, во кој се содржани главните стратешки цели и приоритети за развој на руралните области во Општина Охрид. Со реализација на оваа програмска активност ќе се имплементираат активности кои се во согласност со стратешките определби а се предвидени за реализација во 2014 година. Оваа програмска активност ги опфаќа следниве области на делување:

- Инфраструктурно и комунално уредување на селските средини,
- Квалитетно и целосно искористување на туристичките и стопанските потенцијали на руралните области со што би се подобрил квалитетот на живеење на селските средини,
- Урбанистички уредени селски средини со просторно-планска документација и чиста животна средина,
- Развиено земјоделство и сточарство врз база автохтона и органски здрава храна,
- Подобрување на образовните и здравствени стандарди во руралните области,
- Подобрување на спортската инфраструктура и развој на традиционални културни манифестации во руралните области.

Предвиден буџет 200.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.1: 600.000,00 ден**

## 1.2. ЗАСИЛУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се спроведе преку давање на поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид.
Предвидените активности се во согласност со националната развојна политика за претприемништво, Националната стратегија за развој на МСП и Стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.
Засилувањето на локалниот економски развој и зголемувањето на конкурентноста на претпријатија е планирано да се реализира преку следниве активности:

### 1.2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото преку интензивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид

Реализацијата на оваа програмска активност ќе се одвива преку организирање и учество на форуми, презентации, саеми, и други промотивни настани во Македонија и странство, во заедничка соработка со бизнис заедницата од Охрид, Стопанските Комори и други институции од економскиот сектор. Исто така, со цел стимулирање и поттикнување на микро и мали компании од Општина Охрид, предвидено е нивно кластерско презентирање на домашни и на странски саемски манифестации во партнерство со Општина Охрид.

Предвиден буџет 100.000,00 ден

### 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД

Брошурата ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД е предвидено да се ажурира најмалку еднаш годишно, со што сите нови податоци за локациите и инвестициските проекти би биле вметнати во новите печатени и електорнски изданија на брошурата.

Предвиден буџет 120.000.00 ден

### 1.2.3. Меѓународни партнерства

Воспоставување и одржување на партнерски односи со Европски градови и институции, со цел партнерски настап на саеми, форуми, како и подготовка и заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

Предвиден буџет **240.000,00 ден**

### 1.2.4. Денови на дијаспората

Преку оваа активност ќе се спроведува осмислена програма за анимирање и сеопфатно информирање на сонародниците што се иселени во странство. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби и состаноци.

Предвиден буџет 30.000,00 ден

**1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет – „Совет на градски татковци“**

Со конституирањето на советот, чија цел е да претставува место на кое се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од општина Охрид се овозможува навремено препознавање на проблеми, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот. Состаноците на Советот е предвидено да се одржуваат најмалку еднаш месечно.

Предвиден буџет 0 ден

**1.2.6. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд**

Со оваа активност се предвидени реализација на серија на стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.

Предвиден буџет 200.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.2: 690.000.00 ден.**

**1.3. РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

**1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива**.

Активноста предвидува продолжување на процесот за идентификација на локални производи и услуги и нивно брендирање во функија на севкупниот економски и туристички развој и препознатливос на општината и градот Охрид.

Предвиден буџет 90.000,00 ден

**1.3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.**

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од одделението за локален економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

Предвиден буџет 0 ден

**1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти**

Преку оваа програмска активност е предвидено одржување на обуки и советувања на производителите на органска храна. Ваквите обуки и советување ќе значат подигнување на капацитетите на производителите со цел дополнително зголемување на производството на органска храна, како и олеснување и обезбедување на нејзиниот пласман.

Предвиден буџет 0 ден

**1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците**

Со оваа активност се продолжуваат давањето на неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, конкурирање и искористување на домашните и на странските можности за финансирање во рамките на земјоделството, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството. Воедно, преку работењето на оваа канцеларија се овозможува издавање на потврди за користење на средствата од ИПАРД програмата.

Предвиден буџет 0 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.3. 90.000.00 ден.**

## 1.4. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

1.4.1. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект,**како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа-Охрид_Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област.

Предвиден буџет 800.000,00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.4. 800.000,00 ден.**

## 1.5. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ И ДОГОВОРНИ УСЛУГИ

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2014 год., потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2014 год.

**1.5.1.** Договорни обврски

Предвиден буџет 83.500.00 ден

**1.5.2** Други оперативни расходи

Предвиден буџет 90.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.5. 173.500.00 ден.**

**1.6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ТУРИЗАМ И ЛЕР.**

Успешноста на реализацијата на зацртаните проектни активности на вработените во Секторот за туризам и Лер е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејќи се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во Секторот за туризам и Лер.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

1.6.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,

Предвиден буџет 60.000.00 ден

1.6.2 Консултантски услуги за специфични проектни активности,

Предвиден буџет 200.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.6: 260.000.00 ден.**

**1.7. ПРИХОДИ ПО ДРУГИ ОСНОВИ**

**Приходи по други основи кои пристигнуваат по основ на добиени проекти од странски и домашни програми кои имаат јавни повици за одобрување на грантови за развојни проекти.**

1.7.1. Приходи по други основи кои се очекува да пристигнат во првата половина на 2015 година од проектот “WATERNET” добиен од праграмата на ИПА од компонентата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција во рамките на Европска Унија и проектот за “Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро на Охрид” добиен од Програмата за децентрализирана соработка помеѓу Република Македонија и Долна Нормандија.

Предвиден буџет 6.000.000.00 ден

**Вкупно планиран буџет за 1.7: 6.000.000.00 ден.**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014: 8.613.500,00 ден.**

**РЕКАПИТУЛАР**

ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА

| Бр | Активност | Опис | Износ - Планирано | Износ - Одобрено |
|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата** | 1.1.1Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014, и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид 2014. | 400.000 | |
| | | 1.1.2Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014 година | 200.000 | |
| | **Вкупно 1.1.** | | **600.000** | |
| **1.2.** | **Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија** | 1.2.1.Поттикнување на партнерстав и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемнишството преку интезивна промоција на економскиот потенцијал на Општина Охрид | 100.000 | |
| | | 1.2.2. Ажурирање и печатење на брошура **ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД** | 120.000 | |
| | | 1.2.3. Меѓународни партнерства | 240.000 | |
| | | 1.2.4. Денови на дијаспората | 30.000 | |
| | | 1.2.5. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет - „Совет на градски татковци“ | 0 | |
| | | 1.2.6 .Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 200.000 | |
| | **Вкупно 1.2** | | **690.000** | |
| **1.3.** | **Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој** | 1.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. | 90.000 | |
| | | 1.3.2.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата | 0 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | за рурален развој. | | |
| | | 1.3.3. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти | 0 | |
| | | 1.3.4. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 0 | |
| | **Вкупно 1.3.** | | **90.000** | |
| **1.4** | **Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | 1.4.1 Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект,**како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции. Исто така во оваа програмска активност предвидено е сопствено учество во проекти за стратешко планирање на регионална соработка во пограничниот регион на Преспа- | 800.000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Охрид_Корча, како и подготовка и имплементација на програми и проекти за реагионална соработка и поттикнување на економската соработка со акцент на руралните средини во пограничната област. | | |
| | **Вкупно 1.4.** | | **800.000** | |
| **1.5.** | **Оперативни расходи и договорни услуги** | 1.5.1. Договорни услуги | 83.500 | |
| | | 1.5.2. Други оперативни расходи | 90.000 | |
Третманот на органски отпад, односно органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на Општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со другите фракции од комуналниот цврст отпад.Органскиот отпад од комуналниот цврст отпад не се одвојува додека органскиот отпад кој се генерира во земјоделието поради непокриеноста на руралниот дел од општината за подигнување на овој вид на отпад , најчесто се фрла или пак се гори.Ваквите начини на постапување со овој вид отпад се голем ризик на животната средина и дирекно придонесува кон загадување на почвата , водите и воздухот.Најголем дел од продукцијата на биоразградлив отпад потекнува од земјоделските активности како и од редовно одржување на парковите и зелените површини на територија на општината .

Постојниот начин на постапување со биоразградливиот отпад не содејствува и со законските решенија од областа со управување со отпадот во Р.М., а особено не со системот на интегрално управување со отпадот кој е дефиниран како најприфатлив во сите стратегиски документи кои ја третираат оваа област во Р.М.

Од тие причини потребно е да се изработи информативна брошура за подигање на јавната свест за придобивките од селектирањето на биораградливиот отпад од комуналниот

отпад.Брошурата ќе биде насочена пред се кон земјоделците за корисноста на компостот за подобрување на почвата но и можноста за компостирање во домашни услови за помали градини со што ќе се зголеми свеста на граѓаните за поголема заштита на животната средина
Со цел да се влијае на подигањето на јавната свест на сите категории на населението како еден од битните фактори за зачувувањето на животната средина, како и промоција на природните реткости и специфики,предвиден е корпус на активности за одбележување на значајните денови на екологијата.

**4.Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта) ........................................ без предвидени средства**
На крајот на школската година се врши организирано собирање на стари списанија, тетратки и друга отпадна хартија во соработка со училиштата на територија на Охрид , со цел подигање на јавната свест на младата популација и рециклирање на старата хартија

**5.Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)....................................... 30.000,00ден**
На почетокот на школската година во соработка со Охридките основни училишта општината објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјал.

**6.Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили...... 18.000,00ден**
Општина Охрид се приклучува кон одбележувањето на Европската недела на мобилност , при што ќе бидат изработени информативни флаери со повик до граѓаните за да ги остават своите автомобили и на работа и училиште да додат пеш, со велосипеди, ролери и слично со што ќе придонест за намалување на загадувањето на воздухот и за почиста животна средина

**7.Одбележување на 22 декември ( најкраткиот ден во годината)-Изработка на еко календар за Охридските училишта .......................................................... 80.000,00ден**
Кон крајот на тековната година ќе бидат изработени ѕидни календари со еколошки содржини и пораки кои ќе бидат поделени во Охридските основни училишта

**8. Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2016 година ............................................................................................... 12.000,00ден**
Традиционално Општина Охрид секоја година распишува конкурс за најубаво украсен новогодишен двор или балкон.Целта на проектот е да ја подигне јавната свест на граѓаните за организирано украсување на своите објекти со што ќе се придонесе за поубав изглед на градот за новогодишните и Божиќните празници и поуспешна туристичка промоција на Охрид

Извор на финансирање на програмата е **Буџет на Општина Охрид**

**ВКУПНО: 1.000.000,00ден**

**Број 07-4189/12-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

# ПРОГРАМА J7
# Одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година

„Паркови и зеленило“

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 74.329 $m^2$.

Површините на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52.965 $m^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.160 $m^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . . 16.854 $m^2$
- зеленило во жардињера на Бул.„Туристичка“ 1.350 $m^2$
- зеленило во жардињера на ул.„Железничка“ 4.000 бр.
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . . 340.000 $m^2$
- дрвореди долж сообраќајници (број на стебла) . 2.410 бр.

Градското зеленило се одржува на површина од 74.329 $m^2$ која е во центарот на градот. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$, како и жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници од се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

## ПОВРШИНИ НА ГРАДСКО И ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ ВО 2015 ГОДИНА

**Градско зеленило**

| Реден број | *Подрачје* | *$m^2$* |
|---|---|---|
| 1. | **“Стара бана“** | 100 |
| 2. | **Плоштад** | 2.500 |
| 3. | "Дом на култура"- према езеро | 1.665 |
| 4. | "Дом на култура"- западна страна | 3.300 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | “Кеј Македонија“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 12. | Кружен тек на Бул.“Туристичка“ со “АСНОМ“ | 314 |
| | | |

***Вкупно: 74.329m²***

**Дрвореди**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***бр.*** |
|---|---|---|
| 1. | **Бул.„Туристичка“** | 1.862 |
| 2. | **ул.„Јане Сандански“** | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 60 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |

***Вкупно: 2.410 бр.***

**Вонградско зеленило**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***m²*** |
|---|---|---|
| 1. | **„Кале“** | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 m²***

**ВРЕДНОСТ НА РАБОТНА РАКА ПО ЧАС**

---

- квалификуван работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250,00 ден.
- општ работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 180,00 ден.

---

***ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА***

---

- гребулање на трева пред машинско косење . . . . . . . . . 0,80 ден./m²
- машинско косење на тревник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10,00 ден./m²
- собирање на трева по машинско косење

со изнесување собрана трева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3,00 ден./$m^2$

- поливање тревници и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4,00 ден./$m^2$
- чистење на трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . 3,00 ден./$m^2$
- садење на цветни површини со ѓубрење и расадување ( вклучен расад ) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40,00 ден./бр.
- прашење и полевање на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . 35,00 ден./$m^2$
- окопување на дрва и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35,00 ден./ бр.
- окопување и прашење трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20,00 ден./$m^2$
- кроење трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20,00 ден./бр.
- кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . 100,00 ден./бр.
- Кроење на жива ограда . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80,00ден./ $m^2$
- Кроење на дрјва . . . . . . . . . . 400,00 ден./час
- собирање хартија и отпадоци . . . . . . . . . . . . . . . . 200,00 ден.

---

**Напомена:** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавните парковски површини е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.07-3290/7 од 01.04.2014 год.

***КАЛЕНДАР***

***ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2015 ГОДИНА***

| ***Вид на операција*** | ***Јан..*** | ***Февр.*** | ***Март*** | ***Апр.*** | ***Мај*** | ***Јуни*** | ***Јули*** | ***Авг.*** | ***Септ.*** | ***Окт.*** | ***Ноем.*** | ***Дек.*** | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева<br>- паркови<br>- Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача | | | 1<br><br><br>1 | 2<br>1<br>1<br>2 | 3<br>1<br>1<br>2 | 3<br>2<br>1<br>2 | 3<br>2<br>1<br>2 | 3<br>2<br>1<br>2 | 2<br>1<br><br>2 | 1<br><br><br>1 | | | 189<br>5<br>14 |
| Собир.трева по маш. косење со изнес. | | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | | | 18 |
| Полив. трев.,дрва и грмушки | | | | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | | | | 12 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Сад. цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | | | | | | 1 | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.сезон.цвеќе | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 3 |
| Окоп.дрва и грм. | | | | 1 | | | | | | | | | 1 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Окоп.и праш.тренд. | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Кроење-режење трендафили | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење-режење грмушки | | | | | | | 1 | | | | 1 | | 2 |
| Собир.хартија и отпадоци | 31 | 28 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 365 |

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2015 ГОДИНА***

| Вид на операција | Квалиф. | Единица мера | Количина | Број пати | Вкупна количина |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $м^2$ | | | |
| - паркови | | | 49.465 | 18 | 726.570 |
| - Бул.„Туристичка“ | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| -парк Рача | | | 3.500 | 14 | 49.000 |
| Собир.трева по маш. косење со изнес. | ОР | $м^2$ | 40.365 | 18 | 726.570 |
| Полив. трев.,дрва и грмушки | КВ | $м^2$ | 40.365 | 12 | 484.380 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | $м^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Садање цветни површ. со ѓубрење и расадување | КВ | бр. | 9.000 | 2 | 14.000 |
| Прашење и полев.сезон.цвеќе | КВ | бр. | 7.000 | 3 | 21.000 |
| Окоп.дрва и грм. | ОР | бр. | 2.680 | 1 | 2.680 |
| Окопување и прашење трендафили | ОР | $м^2$ | 1.200 | 4 | 4.800 |
| Кроење- режење трендафили | КВ | бр. | 3.000 | 2 | 6.000 |
| Кроење- режење грмушки | КВ | бр. | 5.300 | 2 | 2.600 |
| Собир.хартија и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

Покрај горенаведените активности, предвидени се и активности околу одржување ( косење на трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки ) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **улица** | ***бр.пати*** |
|---|---|
| ул.„АСНОМ“ | **4** |
| ул.„Марко Цепенков“ | **2** |
| ул.„Егејска“ | 2 |
| ул.„Железничка“ | 2 |
| ул.„Гоце Делчев“ | 6 |
| ул.„С.Војвода“ | 3 |
| ул.„15-ти Корпус“ | 3 |
| ул.„Галичица“ | 3 |
| ул .„Н:Карев“ | 3 |
| ул.„Кленоец“ | 3 |
| ул. „А.Маринчев“ | 2 |
| нас.„Х.Узунов“ | 3 |
| нас.„Даљан“ | 5 |
| нас.„Св.Стефан“ | 2 |
| с.Пештани | 2 |
| нас.„Варош“ | 8 |
| Канал на Б.Извори | 3 |
| Сооб.клучка | 5 |
| Спомен парк на Революција | 2 |
| дворно несто на Општина Охрид | 12 |
| од канал Б.Извори до х.Парк | 3 |
| нас.„Гоце Делчев“ | 3 |
| с.Трпејца | 2 |
| с.Лакочереј | 2 |
| с.Лескоец | 2 |
| с.Велгошти | 2 |
| нас.„Рача“ | 2 |
| нас.„Лагадин“ | 2 |

**Одржување на градско зеленило, реконструкција и одржување на дрвореди на улиците**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | одржување на градското зеленило и реконструкција на дрвореди | 3.500.000,00 ден. |

**Полевање на жардињери**

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Полевање на жардињери на Бул.„Туристичка“ и други улици | 1.000.000,00ден. |
| | Извор на финансирање на програмата е:<br>**Буџет на Општина Охрид**<br><br>**ВКУПНО** | <br><br><br>**4.500.000,00ден.** |

**Број 07-4189/13-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за јавна чистота за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2015 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за јавна чистота за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/14**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА J4**
**ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2015 ГОДИНА**

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;

(*) Како јавно прометни површини кои ги одржува ооделението„Јавна чистота“ се подразбираат:

- *Улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, детски игралишта.*

**Организација на извршување на редовни активности**

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;

***Улици од I-ва категорија***

| ***реден број*** | ***име на улица*** | ***бр.на корисници*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„7-ми Ноември“ | 399 |
| 2. | ул.„Македонски Просветители“ | 209 |
| 3. | Булевар„Туристичка“ дел | 1.661 |
| 4. | ул.„Цар Самоил“ | 75 |
| 5. | ул.„Коста Абраш“ | 57 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 235 |
| 7. | ул.„Партизанска“ | 713 |
| 8. | ул.„Димитар Влахов“ | 456 |
| 9. | ул.„Гоце Делчев“ | 455 |
| 10. | станбен комплекс „Даљан“ | 481 |
| 11. | ул.„Јане Сандански“ | 501 |
| | **Вкупно:** | **5.242** |

- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

***улици од II-ра категорија***

| ***реден број*** | ***име на улица*** | ***бр. на корисници*** |
|---|---|---|
| 1. | ул..„11-ти Октомври“ | 25 |
| 2. | ул.„8-ми Септември“ | 154 |
| 3. | ул.„Димче Маленко“ | 9 |
| 4. | ул.„Аргир Маринчев“ | 23 |
| 5. | **ул.„АСНОМ“** | 309 |
| 6. | **ул.„Билјанини Извори“** | 83 |
| 7. | **ул.„Богомилска“** | 456 |
| 8. | **ул.„Боро Шаин“** | 35 |
| 9. | **ул.„Браќа Миладиновци“** | 36 |
| 10. | **ул.„Бранко Шотра“** | 25 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | **Бул.„Туристичка“ дел** | 783 |
| 12. | **ул.„Даме Груев“** | 896 |
| 13. | **ул.„Егејска“** | 185 |
| 14. | **ул.„Галичица“** | 387 |
| 15. | **ул.„Григор Прличев“** | 42 |
| 16. | **ул.„Христо Узунов“** | 20 |
| 17. | **ул.„Илинденска“** | 67 |
| 18. | **ул.„Ванчо Николески“** | 102 |
| 19. | **ул.„Карпош Војвода“** | 330 |
| 20. | **ул.„Кирил и Методи“** | 93 |
| 21. | **ул.„Климентов Универзитет“** | 121 |
| 22. | **ул.„Кочо Рацин“** | 55 |
| 23. | **ул.„Крсте Мисирков“** | 35 |
| 24. | **ул.„Кузман Јосифоски“** | 88 |
| 25. | **ул.„Кузман Капидан“** | 78 |
| 26. | **ул.„Кузман Шапкарев“** | 28 |
| 27. | **ул.„Лазо Трпоски“** | 204 |
| 28. | **ул.„Марко Несторoски“** | 253 |
| 29. | **ул.„Методи Патчев“** | 30 |
| 30. | **ул.„Мирче Ацев“** | 266 |
| 31. | **ул.„Мите Богоески“** | 3 |
| 32. | **ул.„Нада Филева“** | 36 |

| | | |
|---|---|---|
| 33. | **ул.„Никола Карев“** | 375 |
| 34. | **ул.„Охридска Архиепископија“** | 25 |
| 35. | **ул.„Петар Чаулев“** | 52 |
| 36. | **ул.„Питу Гули“** | 284 |
| 37. | **ул.„Рашанец“** | 14 |
| 38. | **ул.„Серафим Китаноски“** | 7 |
| 39. | **ул.„Сирма Војвода“** | 488 |
| 40. | **ул.„Станбен комплекс Расадник“** | 382 |
| 41. | **ул.„Страшо Пинџур“** | 31 |
| 42. | **ул.„Ванчо Питошески“** | 100 |
| 43. | **ул.„Васил Главинов“** | 73 |
| 44. | **ул.„Којдан Чернодрински“** | 14 |
| 45. | **ул.„Св.Климент Охридски“** | 7 |
| 46. | **станбен комплекс „Христо Узунов“** | 424 |
| | **Вкупно:** | **7.533** |

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;

***улици од III-та категорија***

| ***реден број*** | ***име на улица*** | ***бр.на корисници*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Абас Емин“ | 407 |
| 2. | ул.„Ариф Мустафа“ | 176 |
| 3. | ул.„Аџи Мустафа“ | 87 |
| 4. | **ул.„Бистрица“** | 143 |
| 5. | **ул.„Дејан Војвода“** | 436 |
| 6. | **ул.„Караорман“** | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **ул.„Кленоец“** | 131 |
| 8. | **ул.„Крали Марко“** | 181 |
| 9. | **ул.„Крум Точко“** | 189 |
| 10. | **ул.„Мичо Гилиќ“** | 37 |
| 11. | **ул.“Марко Цепенков“** | 322 |
| 12. | **ул.„Никола Петров Русински“** | 32 |
| 13. | **ул.„Пере Тошев“** | 172 |
| 14. | **ул.„Петар Попарсов“** | 69 |
| 15. | **ул.„Пирин Планина“** | 67 |
| 16. | **ул.„Сатеска“** | 380 |
| 17. | **ул.„Славеј Планина“** | 217 |
| 18. | **ул.„Стив Наумов“** | 194 |
| 19. | **ул.„Трајче Трајчески“** | 42 |
| 20. | **ул.„Васил Стефоски“** | 201 |
| 21. | **„Охридати“** | 542 |
| 22. | **ул.„Шар Планина“** | 155 |
| 23. | **ул.„Бранко Шотра“** | 25 |
| | **Вкупно:** | **4.223** |

- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

***улици од IV-та категорија***

| **реден број** | ***име на улица*** | ***бр. на корисници*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„1-ви Мај“ | 59 |
| 2. | ул."I –ва македонска Ударна Бригада“ | 137 |
| 4. | ул.„130“ | 119 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | ул.„15-ти Корпус“ | 122 |
| 6. | ул.„6-та Бригада“ | 46 |
| 7. | ул„8-ми Март“ | 47 |
| 8. | ул.„Железничка“ | 185 |
| 9. | ул.„Андреа Јованоски“ | 71 |
| 10. | ул.„Александар Гушо“ | 53 |
| 11. | ул.„Александар Турунџиев“ | 75 |
| 12. | ул.„Андон Дуков“ | 41 |
| 13. | ул.„Бекир Али Риза“ | 187 |
| 14. | ул.„"28 – Април“ | 72 |
| 15. | ул.„Будва“ | 82 |
| 16. | ул.„Дебарца“ | 24 |
| 17. | ул.„Јабланица“ | 63 |
| 18. | ул.„Махмут Рифат“ | 25 |
| 19. | ул.„Живко Чинго“ | 139 |
| 20. | ул.„Малесија“ | 21 |
| 21. | ул.„Момчило Јорданоски“ | 440 |
| 22. | ул.„Ѓорче Петров“ | 522 |
| 23. | ул.„Мирка Гинова“ | 30 |
| 24. | ул.„АРМ“ | 65 |
| 25. | ул.„Париска Комуна“ | 69 |
| 26. | ул.„Партизански Одреди“ | 47 |
| 27. | ул.„Димо Хаџидимов“ | 40 |
| 28. | ул.„Охридска Бригада“ | 107 |
| 29. | ул.„Петрино“ | 90 |
| 30. | ул.„Прилепска“ | 78 |
| 31. | ул.„Радоица Новичиќ“ | 272 |
| 32. | ул.„Ристо Чадо“ | 258 |
| 33. | ул.„Спас Банџов“ | 83 |
| 34. | ул.„Српница“ | 33 |
| 35. | ул.„Трајче Којчиноски“ | 28 |
| 36. | ул.„Вангел Николоски“ | 53 |
| 37. | ул.„Вардар“ | 23 |
| 38. | ул.„Веле Марков“ | 36 |
| 39. | ул.„Винковачка“ | 97 |
| 40. | ул.„Ѓорѓи Сугарев“ | 14 |
| | **Вкупно:** | **3.609** |

- Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

| **реден број** | ***населено место*** | ***бр. на корисници*** |
|---|---|---|
| 1. | с.Лескоец | 808 |
| 2. | с.Косел | 179 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | с.Куратица | 106 |
| 4. | с.Трпејца | 130 |
| 5. | с.Г.Лакочереј | 133 |
| 6. | с.Д.Лакочереј | 167 |
| 7. | с.Орман | 32 |
| 8. | с.Пештани | 437 |
| 9. | с.Подмоље | 159 |
| 10. | с.Љубаништа | 231 |
| 11. | с.Велгошти | 688 |
| 12. | нас.Лагадин | 170 |
| 13. | нас. Исток | 45 |
| 14. | нас.Елшани | 165 |
| 15. | нас.Рача | 325 |
| 16. | нас.Долно Коњско | 151 |
| 17. | нас.Св.Стефан | 86 |
| 18. | нас.Елешец | 73 |
| | **Вкупно:** | **4.085** |

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење на улици 210 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;

- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - миење на улици 110 дена;

- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење на улици 60 дена.

- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;
  - миење на улици 30 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**Трошоци за одржување на јавна хигиена**

***Вредност на работна рака по час***

1. Метач . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 180,00 ден/час
2. Опслужувач на количка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 180,00 ден/час

***Вредност на основни средства по час***

1. цистерна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 2.500,00 ден/м$^3$
2. ТАМ - кипер. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 1.110,00 ден/тура
3. трактор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 1.110,00 ден/тура
4. утоварувач RD-130. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .= 2.500,00 ден/час
5. камион кипер . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 2.350,00 ден/час
6. фиат хитачи FB100 .2. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 2.550,00 ден/час
7. метачка. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . = 2.500,00 ден/час

**Напомена : Напомена:** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.07-3290/7 од 01.04.2014 год.

**Одржавање на јавна чистота**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Програма за одржавање на јавна чистота ќе се реализира од буџетот на Општина Охрид | 5.000.000,00ден. |
| 2 | Средства од кредитно задолжување кои ќе се користат за депонијата Буково за оградување и поставување пристапна рампа | 1.634.724,00ден. |
| | ВКУПНО | **6.634.724,00ден.** |

**Број 07-4189/14-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/15 ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год. Градоначалник,**
**О х р и д Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за други комунални услуги за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год. Претседател,**
**О х р и д Гордана Коњановска, с.р.**

**ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Река „Даљан“** - чистење на река „Даљан“ од вливот во Охридско Езеро,и попречните канали према Охрид | 80.000 |
| 2 | **Река „Коселска“**- чистење на речното корито од КО Косел возводно до КО Орман и ги опфаќа од површините во КО Горно и Долно Лакочереј | 70.000 |
| 3 | **Река „Вапилица“**-Чистење и регулирање на речното корито во КО Вапила м.в. Топли дол и тоа на потегот од асфалтната база на АД „Маврово“ до КО Вапила и над асфалтната база. | 70.000 |
| 4 | **Летничка река** - Чистење на речното корито на Летничка Река и тоа од сами почеток КО Велгошти-низ н.15/ти Корпус до вливот во Охридско езеро | 50.000 |
| 5 | **Порој „Рача“** - чистење на речното корито | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Скребатска река** – чистење и регулација на речното корито од КО Лескоец посебен преглед и зафаќање на просторот под фабрикатаЕМО заради заштита на земјоделски површини од Косел и Лакочереј | 80.000 |
| 7 | **Река „Черова“** -чистење и регулација на река Черова во КО Љубаништа | 50.000 |
| 8 | **Чистење на канали и диви депонии** | 200.000 |
| 9 | **Река „ Сушица“ –** чистење на каналот | 50.000 |
| 10 | **Чистење на корито на река Српница** | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **800.000** |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | **Новогодишно украсување**. | 1.120.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | 150.000 |

| Динамички план со активности за 2015 година, за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавните површини на територија на Општина Охрид | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци ( 1.500 ha – крајбрежието на потег од с. Подмоље до нас. Св. Наум и територијата на град Охрид )<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br><br>јули |

| | |
|---|---|
| теренско запрашување на крајбрежие на потег од с.Подмоље до нас. Св.Стефан, поширока територија на град Охрид, потег на река Грашница, Коселска Река, крајбрежие од автокамп Љубаништа до комплекс на Св. Наум<br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | април/мај ( во зависност од временските прилики)<br><br>јуни<br>јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>( околу 3.000 шахти на територија на општина Охрид )<br>I –во третирање<br>II –ро третирање | мај<br>октомври |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | 1.300.000 |
| | | |
| | Извор на финансирање на програмата за 2015 година е:<br>**Буџет на Општина Охрид** | **3.370.000** |

**Број 07-4189/15-1**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/16**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2015 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за енергетска ефикасност за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/16**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска**

## Годишна програма за енергетска ефикасност за 2015 год.

## GD – проекти за енергетска ефикасност

***Предговор***

Оваа програма за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена од аспект на имплементација и продолжување на проектот за ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетска ефикасност во градежниот сектор.

Поранешните централно-планирани економии сеуште се рангираат како најниско енергетско-ефикасни во светот. Во транзиционите економии технологиите за енергетска ефикасност нудат начин за да ја подобрат економската благосостојба преку намалување на еколошките загадувања предизвикани од употребата на енергија, вклучително и стакленичките гасови. Трансферот на вакви технологии во овие земји може да придонесе за намалување на ризикот од глобалната промена во климата.

Република Македонија има ограничени извори на комерцијални енергетски резерви и во иднина сѐ повеќе ќе биде зависна од увоз на енергија. Превземањето на мерки за енергетска ефикасност може да ја ублажи оваа зависност, да го продолжи траењето на домашните резерви и да и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на раст. Според Стратегијата за Енергетска Ефикасност на Република Македонија, енергетскиот интензитет на користење на енергија во Р. Македонија, односно износот на потрошена енергија по единица производ во една економија, е три пати поголем во споредба со САД и дури десет пати поголем од неколку земји од Европската Унија по единица економски производ. Причините за ваквите показатели се повеќекратни, меѓу кои

најзначајни се: недоволната и слаба изолација на објектите во Република Македонија, нередовното одржување на енергетските системи во објектите, ниската свест на населението за примена на мерки за енергетска ефикасност како и генерално навиките за нерационално трошење на енергија од страна на корисниците.

Потребата од креирање и градење на центри во општините со стручни луѓе кои ќе ја следат и промовираат енергетската ефикасност преку употреба на користење на мерки и технологии за енергетска ефикасност ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик и подобрување на економијата на општината.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е: прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува и второ, да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за конзервација/заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината. За таа цел беше реализирана обука на тимот за енергетска ефикасност во општината кој е задолжен да следи, развива и се грижи за енергетската ефикасност во општината, како и развој на софтверската алатка за мониторинг на потрошувачката на енергија која што беше изработена во рамките на проектот спроведен од страна на УНДП и Министерството за животна средина, која што претставува прв извор на информации за состојбата на објектите под раководство на општината и можностите за подобрување на енергетските системи во истите.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Воедно, изготвување на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во Република Македонија дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

## 1. *Општина Охрид*

Стратешките цели на Општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Притоа, Општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Заложба на Општина Охрид е да се урбанизира голем дел од Општината и да се изгради инфраструктура, а постоечката да се подобри. Спроведувањето на стратегијата, Општината го гледа преку градење на партнерства со владини и невладини организации, донаторски институции како и активно учество на локалното население и негов придонес во реализација на проектите во Општината.

Главна цел на Програмата е да ги намали трошоците за енергија во Општината, пред се во делот на јавни објекти и улично осветлување. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето

на локална енергетска политика (во тек е постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Охрид).

## *2. Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност*

Во тек на изработка на Програмата, извршено е собирање на податоци, нивна обработка, обработка на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата се дели на наколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда. Податоците за енергетска потрошувачка се собрани преку одговорни лица во објектите и преку тимот во Општината. Врз база на овие два клучни податока за секој од објектите се направени пресметки за реално потребната потрошувачка на енергија, која што понатаму е земена како основа за пресметка на очекуваните енергетски заштеди дадени преку предлог мерки за енергетска ефикасност со апроксимативни инвестициски вредности и време за отплата.

Тимот за енергетска ефикасност приоритетите ги рангираше според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати. Одредување на приоритет на објект за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (реконструкција на згради) ќе се врши според следната формула на тежински фактори:

$$X_{и} = \frac{\text{Потрош_енер_објект}}{\text{Најг_потрош_енергија}}*(60\%)+\frac{\text{Број_луѓе_објект}}{\text{Најм_луѓе}}*(20\%)+\frac{\text{Повр_објект}}{\text{Најг_површ}}*(10\%)+\frac{\text{Степен_дотр}}{\text{Најг_дотр}}*(10\%)$$

Xi – висина на приоритет на објект i за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (0 - 100%)
Потрош_енер_објект – вк. специфична потрошувачка на енергија во објект
Нај_потрош_енергија – најголема специфична потрошувачка на енергија од објект во сектор или целна група
Број_луѓе_објект – вкупен број на корисници во објект
Најм_луѓе – највисок број на корисници во објект во сектор или целна група
Повр_објект – грејна површина на објект

Најг_површ – најголема грејна површина на објект во сектор или целна група
Степен_дотр – степен на дотраеност на објект (10 за максимално дотраен, 0 за нов или реновиран објект до 1 година)

### 3. *Сегашна енергетска состојба*

Како и повеќето општини во Република Македонија така и Општина Охрид не располага со енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“
* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“
* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, како правен субјект, не е производител на енергија. За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти се користи нафта за греење и огревно дрво, како и во одредени случаи и електрична енергија.

### 4. *База на податоци и извор на информации*

Спроведување на политиката за енергетска ефикасност не е возможна без вистински податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Значајните трошоци за енергија кои се покриваат од општинскиот буџет предизвикаа голем интерес за добивање и градење на информативна база на податоци за средните и основните училишта, детските градинки, административните, услужни и културни објекти и уличното осветление кое е во надлежност на Општината.

Постоењето на база на податоци и нејзино градење со информации за потрошувачката на енергија во објектите на Општината и уличното осветление е најдобар извор на информации. Врз основа на добро изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи:

Сектор **Администрација**:
Целна група **Административни згради**
Сектор **Образование**:
Целна група **Основни училишта**
Целна група **Средни училишта**
Сектор **Социјални грижи:**
Целна група **Детски градинки**
Сектор **Улично осветление:**
Целна група **Улично осветление**

## 5. *Инвестиции*

Општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност.

Вкупните потреби предвидени за спроведување на претходната програма за енергетска ефикасност во Општина Охрид беа значително поголеми од средствата предвидени во соодветните Општински буџети, односно од реализираните активности. Помал дел од тие вкупни потребни средства беа предвидени во буџетот на Општината како сопствени средства, а останатите средства за реализација на програмата беа планирани од надворешни извори.

При тоа, од слични причини, односно од потребата да годишната програма соодветствува пред се на реалните можности, се планира да за следната 2015 година потребата од сопствени средства да изнесува 500.000 денари, а останатите средства се планира да се обезбедат од надворешни извори. (притоа овде не се земени во предвид евентуалните инвестиции за подобрување на енергетската ефикасност во делот на јавното и улично осветление, кои ако се реализираат, драстично ќе го сменат вредноста предвидена во програмата за енергетска ефикасност за 2015 година.)

Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| **Тип** | **Извор** | **предвидени средства за Енергетска Ефикасност** |
|---|---|---|
| | | (ден/год.) |
| **Сопствени средства** | Општински Буџет за 2105 година | 500.000,00 |
| **Надворешни извори (капитал)** | Донатори, локални банки и фондови | 4.610.000,00 |
| **Вкупно:** | | 5.110.000,00 |

Според сегашната законска регулатива, Општините во Р. Македонија се во можност за аплицираат за кредити за финансирање на проекти во локалните банки. Но недоволното познавање на придобивките од примената на мерките за енергетска ефикасност и начинот на функционирање на администрацијата и банкарскиот сектор е ограничувачки фактор за алокација на средства и спроведување на проекти од оваа област (и една од поголемите причини за обемот на предложениот годишен план).

Планираните инвестиции (финансирање) на предвидените проекти за енергетска ефикасност и реконструкции (планирани буџетски средства како сопствени извори на Општината), се дадени во следната табела:

| **Проект** | **Локација**<br>капитални инвестиции во: |
|---|---|
| Проект 1 | ОУ „Григор Прличев“ |

| | |
|---|---|
| Проект 4 | ОУ „Братство Единство“ (Лескајца) |
| Проект 15 | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ |
| Проект 16 | ОУТУ „Ванчо Питошески“ |
| Проект 19 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Развигорче) |
| Проект 20 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Росица) |

Планираните средства ќе бидат распределени по наведените Проекти, согласно прегледот даден во долунаведената табела:

| **Проект** | **Локација** инвестиции во: | **Проценета инвестиција за 2015 година** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **сопствени средства** | **надворешни средства** | **Вкупно:** |
| Проект 1 | ОУ „Григор Прличев“ | 100.000,00 | 900.000,00 | 1.000.000,00 |
| Проект 4 | ОУ „Братство Единство“ (Лескајца) | 60.000,00 | 540.000,00 | 600.000,00 |
| Проект 15 | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ | 135.000,00 | 1.265.000,00 | 1.400.000,00 |
| Проект 16 | ОУТУ „Ванчо Питошески“ | 105.000,00 | 1.005.000,00 | 1.110.000,00 |
| Проект 19 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Развигорче) | 50.000,00 | 450.000,00 | 500.000,00 |
| Проект 20 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Росица) | 50.000,00 | 450.000,00 | 500.000,00 |
| Вкупно: | | 500.000,00 | 4.610.000,00 | 5.110.000,00 |

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2015 година е 500.000,00 ден и тоа како вкупна инвестиција за реализација на горенаведените Проекти (каде што учеството на Општината се сведува во инвестирање во проекти, како и за санација на мали и ургентни потреби).
Секако, останува можноста (ако се јави таква потреба) за релокација на инвестициите, во рамките на предвидените средства.

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проблеми во смисла на првично трасирање на процедурата која ќе овозможи системска имплементација на потребните мерки во сите фази (носење на буџет, следење и анализа на состојбите, изработка на соодветна техничка документација, апликација, па се до реализација на Проектите).

Освен Општината со сопствени средства, како донатори за помош и реализација на инфраструктурните проекти во Општина од аспект на енергетска ефикансост, се вбројуваат: UNDP, USAID, EU IPA фондовите, GEF, EBRD, CARDS програмата, странски амбасади и меѓународни претставништва во Република Македонија.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност ќе придонесе за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на

улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на софтверската алатка за следење на потрошувачката на енергија, во рамките на надлежностите на тимот за енергетска ефикасност во општината со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

## 6. *Критериуми за прифатливост на проекти*

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност

Имаат економска оправданост создадена преку документирани енергетски заштеди

Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи

Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност

Промовираат нови технологии

Нудат голема веројатност за аплицирање во иднина

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ : Одделение за култура

- **Програма за работата на ОЈУ „Кузман Шапкарев“ Охрид за учебната 2015/2016 година**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
ИЗГОТВУВАЧ: ОЈУ „Кузман Шапкарев“ Охрид

- **Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за утврдување на Предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за утврдување на Предлогот на Програмата за работа на Советот на општина Охрид

- **Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2016 година.**

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

- **Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на општина Охрид за 2016 година.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ОСБСП

- **Програма за работа на ЈП „Охридски Комуналец“- Охрид за 2016 година .**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид

- **Програма за тековно работење на МЈП „Проаква“ Струга за РЕ„Водовод“ Охрид за 2016 година.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „ Проаква“ Струга

- **Програма за тековно работење на ЈП „Нискоградба “ Охрид за 2016 год.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид

- **Програма за работа на ЈП Градски пазар Охрид за 2016 година.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП Градски пазар Охрид

- **Програма за работа на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за 2016 год.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Градски гробишта“

- **Програма за работа и развој на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за 2016 год.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Билјанини Извори“ Охрид

- **Одлуки за утврдување на урбанистичко планска документација за бесправно изградени објекти во општина Охрид**
- **Одлуки за утврдување Нацрт – Детален урбанистички план во општина Охрид**
- **Одлуки за донесување детален урбанистички план во општина Охрид**
- **Иницијативи за измена на Детален Урбанистички план во општина Охрид.**

  ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот на Општината
  ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

**Број 07-4189/25-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 07-4189/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

# ПРОГРАМА
## ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2015 ГОДИНА

1. **Едукативни работилници во основните и средните училишта:**

   - Реализатор - стручни служби од Центар за социјални работи, СВР и други институции;

   **Во износ од .............................................................0,00 ден.**

2. **Изготвување на брошури за семејно насилство- по повод изгласување на Законот за семејно насилство**:

   **Во износ од .............................................................100.000,00 ден.**

3. **Активности за подигање на свеста за грижа на стари лица:**
   - Посета на стари лица (Клуб на пензионери, болница);
   - Трибина во Клуб на пензионери;
   - Поддршка за унапредување на здравјето на старите лица;

   **Во износ од ..................................................................100.000,00 ден.**

4. **Изработка на брошура “Стоп на мобинг”**

   - Соработка со невладиниот сектор, СВР, и други институции.

   **Во износ од ..............................................................0,00ден.**

**5. Организација на трибина “Стоп на мобинг”**

**- Соработка со невладиниот сектор**

**Во износ од ..................................................................100.000,00 ден.**

**6. Помош и поддршка на самохрани родители**

**- донаторски активности**

**Во износ од ........................................................................ 100.000,00ден.**

**7. Иницијатива за формирање на Шелтер центар**

**- Во согласност со Министерството за труд и социјална политика**

**8. Соработка со здруженија и организации кои работат на оваа проблематика кај нас и во соседните земји**

**-Во износ од ........................................................................ 100.000,00ден.**

**Број 07-4189/26-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за одбележување на празници и манифестации во 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ ВО 2015 год.**

Со Програмата за одбележување празници и манифестации во 2015 година на подрачјето на општина Охрид ќе се одбележат следните празници и манифестации :

## I. Празници на централно и локално ниво

**<u>ЈАНУАРИ</u>**

**13.01.2015 година**
- Прослава на Стара Нова година-Василица
Носител: Месни заедници во соработка со Комисијата

**19.01.2015 година**

- Богојављение-Водици
Носител: МПЦ организатор Богојавление во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**27.01.2015 година**
Свети Сава празник на српската заедница
Носител: Српската заедница во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија

**<u>МАРТ</u>**

**07.03.2015 година**
-Ден на албанската просвета
Носител: ОУ „Братство Единство“ во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**08.03.2015 година**
-Меѓународен ден на жената
Носител: Повеќе институции и здруженија

**22.03.2015 година**
- Светски ден за заштита на водите
Носител: ЈП Проаква, ЕКО друштва.

**<u>АПРИЛ</u>**

**07.04.2015 година**
-Светски ден на здравјето
Носител: Локалната самоуправа, здравствени и образовни институции, „Црвен крст“ и др. во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**08.04.2015 година**

-Меѓународен ден на Ромите
Носител: Ромска заедница, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>МАЈ</u>**

.

**01.05.2015 година**

-Меѓународен ден на трудот
Носител: Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**07.05.2015 година**

- Ден на Службата за безбедност
Носител: СВР – Охрид во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија

**09.05.2015 година**

-Ден на ЕУ
Носител: Сектор за туризам и локален економски развој, образовни институции во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**20.05.2015 година**

- Ден на пожарникарите
Носител: ПП бригада во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23.05.2015 година**

- Национален ден на Власите
Носител: Влашка етничка заедница, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**24.05.2015 година**

-Ден на сесловенските просветители
Носител: образовни институции, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.05.2015 година**

-Светски ден на борба против пушењето
Носител: Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ЈУНИ</u>**

**05.06.2015 година**

-Ден на екологијата
Носител: Еколошки друштва, во соработка со локалната самоуправа, ЈП Охридски комуналец

**21.06.2015 година**

- Ден на Охридското езеро

Носител: Општина Охрид, Општина Поградец, Општина Струга,Невладини организации од трите градови, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ЈУЛИ</u>**

**03.07.2015 година**

- Свети Наум Охридски Чудотворец

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>АВГУСТ</u>**

**02.08.2015 година**

-Илинден- Ден на Републиката

Носител: Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**09.08.2015 година**

- Свети Климент Охридски - летен

Носител: институции, невладини организации и др. во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**15.08.2015 година**

-Ден на граничарите

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**18.08.2015 година**

- Ден на АРМ

Носител: АРМ во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>СЕПТЕМВРИ</u>**

**08.09.2015 година**

-Ден на независноста на Република Македонија

Носител: Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**21.09.2015 година**

-Меѓународен ден на мирот

Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**22.09.2015 година**

-Меѓународен ден без автомобили

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**28.09.2015 година**

-Меѓународен ден на Бошњаците

Носител: Бошњачка заедница, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ОКТОМВРИ</u>**

**07.10.2015 година**

-Европски ден на туризмот

Носител: Туристички здруженија во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**11.10.2015 година**

-Ден на народно ослободителното востание на Македонија

Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23.10.2015 година**

-Ден на македонската револуционерна борба

Носител: Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>НОЕМВРИ</u>**

**07.11.2015 година**

- Ден на ослободувањето на Охрид

Носител: Сојуз на борци, ЈП Охридски комуналец, Детска градинка Јасна Ристеска, МЗ Рамне, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**22.11.2015 година**

-Ден на албанската азбука

Носител: албанска заедница во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**29.11.2015 година**

-Меѓународен ден на децата

Носител: Детски градинки и образовни институции во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**ДЕКЕМВРИ**

**03.12.2015 година**

-Светски ден на лицата со хендикеп

Носител: Здруженија на лица со хендикеп и други здруженија и институции во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**08.12.2015 година**

-Свети Климент Охридски, Патрон на градот

Носител: ОСУ и ОУ Свети Климент Охридски,НУ Центар за култура, НУ Градска библиотека, НУ Завод и Музеј, Детска градинка во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**10.12.2015 година**

-Меѓународен ден на човековите права

Носител: Комисијата

**11.12.2015 година**

-Меѓународен ден на планините

Носител: Планинарски и еколошки друштва, образовни институции во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**21.12.2015 година**

-Ден на настава на турски јазик

Носител: Турска етничка заедница во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.12.2015 година**

-Дочек на Нова Година

Носител: Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија

## II. Годишнини и манифестации

**ЈАНУАРИ**

**05.01.2015 година**

- Патронен празник на ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски и ОУ „Свети Наум Охридски

Носител: ОЕМУЦ „Свети Наум Охридски и ОУ „Свети Наум Охридски во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**14.01.2015 година**

- Маскембал с.Куратица

Носител: Месна заедница с.Куратица во соработка со Комисијата

**21.01.2015 година**

- Годишнина од смртта на Коста Абраш

Носител: Завод и музеј, Печатница Коста Абраш во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ФЕВРУАРИ</u>**

**06.02.2015 година**

- Прличеви Беседи

Носител: НУ Центар за култура, НУ Градска библиотека, ОУ Григор Прличев соорганизатор со Локалната самоуправа, Завод и музеј Охрид, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**27.02.2015 година**

-Годишнина од смртта на Марко Бошњаков

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија.

**<u>МАРТ</u>**

**18.03.2015 година**

-Годишнина од смртта на Кузман Шапкарев

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**20.03.2015 година**

-Патронен празник на ОУ „Живко Чинго“

Носител: ОУ „Живко Чинго“ во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>АПРИЛ</u>**

**07.04.2015 година**

- Патронен празник на ОМУ Методи Патче

Носител: ОМУ Методи Патче во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**24.04.2015 година**

- 110 години од загинувањето на Христо Узунов
- Патронен празаник на ОУ Христо Узунов

Носител: ОУ Христо Узунов во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**МАЈ**

**09.05.2015 година**
-70 години од победата над фашизмот
Носител: Сојуз на борци, во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**10.05.2015 година**
- Патронен празник на ОУ „Ванчо Николески“

Носител: ОУ „Ванчо Николески“ во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**ЈУНИ**

**29.06.-04.07.2015 година**
- Меѓународен филмски фестивал

Носител: Министерство за култура на РМ , ЕЛС Охрид , НУ Центар за култура и Амбасадата на Република Франција во РМ

**ЈУЛИ**

**06.-11.07.2015 година**
- Балкански фестивал

Носител: Министерство за култура во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**06.07.2015 година**
- Годишнина од формирањето на првата востаничка чета во с. Велгошти

Носител: Месна заедница Велгошти и Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**31.07-02.08.2015 година**
- Едриличарска регата

Носител: Едриличарска регата во соработка со Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделувања награди и признаниј

**АВГУСТ**

**13.08.2015 година**
- 80 години од раѓањето на Живко Чинго
- Вечери на Живко Чинго

Носител: Министерство за култура на РМ, ЕЛС Охрид, МЗ Велгошти, градска библиотека” Григор Прличев”, ОУ “Живко Чинго”, Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**17.08.2015 година**

- Поетска ноќ во Велестово

Носител: Здружение "Поетска ноќ Велестово", Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**23-27.08.2015 година**

- Меѓународен хорски фестивал

Носител: Охридски хор во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**25.08.2015 година**

- Охрид фест

Носител: Охридски трубадурии- Охрид фест,Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>СЕПТЕМВРИ</u>**

**12.09.2015 година**

- Годишнина од Охридското востание

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ОКТОМВРИ</u>**

**06.10.2015 година**

- Годишнина од смртта на Цар Самоил

Носител: Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**18.10.2015 година**

- Патронен празник на ОУТУ „Ванчо Питошески“

Носител: ОУТУ „Ванчо Питошески“ во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**<u>ДЕКЕМВРИ</u>**

**21.12.2015 година**

-Патронен празник на ОУ „Кочо Рацин“

Носител: ОУ „Кочо Рацин“ во соработка со Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделувања награди и признанија.

**Број 07-4189/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ И ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2015-2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за потикнување на локалниот економски развој и туризмот и поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2015-2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 38-а став 3 и 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), Одлуката за начинот и поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од барателите на финансиската поддршка бр.07-2935/6 од 04.12.2014 година („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/14), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ И ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2015-2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување на локалниот економски развој и туризмот и поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2015 – 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 07 – 4189/28**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ И ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2015-2018 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се определуваат средствата потребни за доделување финансиска поддршка во износ од **36.600.000,оо** денари за потикнување на локалниот економски развој и туризмот и поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници заради побрз развој па цивилното воздухопловство и формирање на поконкурентни и подостапни цени во воздушниот сообраќај за периодот од 15 јуни 2015 година до 15 септември 2018 година.
2. Финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма со доделува согласно намените утврдени во член 38-а од Законот за воздухопловство и Одлуката бр. 07-2935/6 од 04.12.2014 година донесена од страна на Советот на општина Охрид.
3. Определувањето на финансиската поддршка од точка 1 на оваа програма се врши на начин и според критериуми утврдени согласно прописот од член 38-а став (4) од Законот за воздухопловство.
4. Средствата од точка 1 на оваа програма за 2015 година, на износ од 6.100.000,оо денари ќе се обезбедат во Буџетот на општина Охрид за 2015 година, програма Г2, конто-464990.
5. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2016 година во износ од 12.200.000 денари ќе се утврдат во развојната програма за развој на туризмот и локалниот економски развој на Општина Охрид за 2015-2018 година.
6. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2017 година во износ од 12.200.000,оо денари ќе се утврдат во развојната програма за развој на туризмот и локалниот економски развој на Општина Охрид за 2015-2018 година.
7. Проектираните средства од точка 1 на оваа програма за 2018 година во износ од 6.100.000,оо денари ќе се утврдат во развојната програма за развој на туризмот и локалниот економски развој на Општина Охрид за 2015-2018 година
8. За спроведувањето на оваа програма ќе се грижи Секторот ТЛЕР.
9. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Охрид ", а ќе со применува од 15 јуни 2015 година.

**Број 07–4189/28-1**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Буџетот на единицата на локалната самоуправа Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/29**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр.5/2002) и член 18 од Статутот на ЕЛС Охрид (“Службен гласник на ЕЛС Охрид бр. 8/07), Советот на ЕЛС Охрид на седницата одржана на 30.12. 2014 година, донесе

***Б У Џ Е Т***
***на ЕЛС Охрид за 2015 година***

**1. ОпШт дел**

**Член 1**

***Буџетот на ЕЛС Охрид за 2015 год. се состои од:***

| | | |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | | 913.900.000 денари |
| и тоа: | | |
| - Буџетски приходи - основен буџет | 392.850.874 денари | |
| - Приходи од самофинансирачки активности | 21.600.000 денари | |
| - Блок дотации | 357.213.402 денари | |
| - Наменски дотации | 8.982.000 денари | |
| - Приходи од донации | 6.200.000 денари | |
| - Приходи од кредити | 127.053.724 денари | |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупни расходи | | 913.900.000 денари |
| и тоа: | | |
| - утврдени намени | 912.300.000 денари | |
| - резерви | 1.600.000 денари | |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени се утврдени во Билансот на приходите и расходите на ЕЛС Охрид за 2015 година и тоа како Шго следува:

***ВОВЕД***

Кога зборуваме за процесот на буџетирање на локалната самоуправа, треба да напоменеме дека станува збор за сложен процес кој е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Самиот процес на буџетирање е активност која започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на прибирање на приходите и извршувањето на расходите се однесува само за една тековна буџетска година. Процесот на буџетирање во локалната самоуправа се заснова на процес на програмско планирање, односно буџетирање, што од своја страна опфаќа одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Програмите кои се однесуваат на капитално инвестирање уште се нарекуваат и развојни програми и тие се донесуваат на подолг временски период (две, три буџетски години), што од своја страна бара повеќе напор и координираност на сите сектори во локалната самоуправа. Во поглед на

програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели.

Квалитетот на извршување на обврските на ЕЛС, во однос на решавање на потребите и проблемите на граѓаните, безусловно бара ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства за реализација на низа активности во надлежност на општината. Сето погоре кажано неопходно бара изготвување на транспарентен буџет со кој ќе бидат опфатени неопходните барања на граѓаните притоа не запоставувајќи ја развојната компонента на општината од една страна, а од друга страна, изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите по намени и активности. За правилна проценка на приходите и расходите, потребно е реално согледување и утврдување на севкупните мерливи параметри значајни за изготвување на буџетот. Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се` до негова конечна реализација до крајот на буџетската година. Во процесот на изготвување и донесување на буџетот стручната служба посебен акцент става на следните елеменети:

- реализација на буџетот во претходната година;
- проценка на приходите;
-утврдување на потребите на општината, со посебен акцент на потребите на граѓаните;
- зацртаните цели на долгорочно ниво;
- утврдување на потребите на општинските корисници на буџетот, поаѓајќи од нивните програми, нивото на блок односно наменските дотации, како и дополнителните приходи кои ги добиваат од општинскиот буџет;
- транспарентност при изготвување на буџетот;
- самиот процес на донесување на буџетот;
- извршувањето на буџетот.

Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво (ДДВ, блок дотациите и наменските дотации), ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година. Утврдените активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

Согласно Законот за буџетите, буџетот на локалната самоуправа, претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства. Во него се вклучени: основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот надонации, буџетот на дотации и задолжувањето.

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините имаат законско право и должност да прибираат приходи по следните основи:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;

- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ донации, кои се остваруваат врз база изработени и одобрени проекти аплицирани и одобрени од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ;
- приходи по сонов кредитно задолжување.

Во процесот на буџетирање, содржината и програмите од кои се состоибуџетот се усогласени со унифициран начин на припрема и изготвување на буџетот, утврден од Министерството за финансии.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми, а најчесто застапени и користени програми во процесот на буџетирање на локалната самоуправа се следните:
- Совет на општина, која ги содржи и опфаќа активностите и расходите поврзани со работата на општинскиот совет;
- Градоначалник, во која се искажани потребните расходи за функционирање на институцијата Градоначалник;
- Општинска администрација, ги содржи расходите неопходни за функционирање на општинската адиниcтрација;

Следни на листата се програмите во кои се зацртани разни активности и проекти од значење за развојот на општината, а се однесуваат на разни инфраструктурни активности:
- Урбанистичко планирање;
- Уредување на градежно земјиште;
- Поддршка на локалниот економски развој;
- Поттикнување и развој на туризмот;
- Проекти за енергетска ефикасност;
- Изградба и одржување на јавно осветление;
- Јавна чистота;
- Изградба и одржување на локални улици и патишта;
- Спорт и рекреација;
- Образование и култура;
- Противпожарна заштита.

Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии. Покрај овие програми, кои најчесто се јавуваат при креирањето на локалните буџети, постои можност, доколку се јави потреба, во соодветна процедура да бидат креирани и нови програми, кои ќе бидат во согласност со извршувањето на надлежностите на некоја локална самоуправа.

Едно од најважните начела во креирањето на буџетот а следствено на тоа и за развојот на локалната самоуправа е начелото на воспоставување на стратешки приоритети во креирањето на буџетот, кое дава можност, локалната самоуправа самостојно да го определува степенот на приоритети на одредени проекти и активности, а во согласност со прифатените цели и реалните можности. Утврдувањето на стратешките приоритети во врска функционирањето на локалната

самоуправа се утврдуваат во планските документи, кои се донесуваат од страна на советот на општината и најчесто овие приоритети се утврдуваат во стратегијата за локален економски развој. Друг битен момент е утврдувањето на фискалната стратегија како најзначаен стратешки документ кој пред се` има непосредно влијание во правец на утврдување на целите на општината и начинот на нивното остварување на еден пократок рок. Поаѓајќи од клучната улога на општините од една страна и спецификите кои ги има секоја општина засебно, општините треба да посветат внимание на следните цели:
- целосно искористување на придобивките кои ги носи процесот на децентрализација;
-директно насочување на средства во високо приоритетните области, пред се за решавање на инфраструктурни проблеми;
- лоцирање на слабостите и проблемите а се со цел истите да се отстранат, односно да се подобри одговорноста и ефикасноста на одделните служби, односно сектори во локалната самоуправа а се со крајна цел подобрување на ефикасноста, транспарентноста и квалитетот на услугите кои се пружаат на граѓаните;
- намалување на непродуктивните и тековно оперативните расходи на оптимално ниво;
- унапредување на процесот на транспарентност и отчетност на трошењето на буџетските средства кон граѓаните;
- намалување и целосно решавање на проблемите со задолженоста на општините;
- унапредување, односно воведување на едношалтерскиот ситем на работење онаму каде што го нема;
- помагање на невладините организации и други здруженија на граѓани, помагање и учество во хуманитарни акции и социјални проекти;
- зголемување на ангажираноста на стручните служби во процесот на апликации за конкретни проекти во разни меѓународни институции за различни области;
- помагање на разни спортски настани и клубови;
- осовременување на образовниот процес и детската заштита;
- заштита н културното и историско наследство;
- создавање на услови за унапредување на локалниот развој.

Буџетскиот процес е сет на правила и активности кои овозможуваат локалната самоуправа да подготви, усвои и пристапи кон извршување на буџетот. Во буџетскиот процес се дефинираат и носат низа акти и одлуки кои го детерминираат буџетскиот план и врз база на кои подоцна се врши дистрибуција на буџетските средства. Буџетскиот процес е еден од најважните не само за администрацијата туку и за сите граѓани на една општина, поради единствениот факт што во тој процес се донесуваат одлуки за начинот на прибирање и трошење на средствата од граѓаните, а од правилноста на тој процес ќе зависи унапредувањето или стагнацијата на задоволувањето на потребите и барањата на граѓаните на една локална самоуправа.

Буџетот како крајна фаза односно готов документ се донесува низ подолг процес - буџетски процес. Буџетскиот процес како таков е збир од повеќе активности и учесници во тој процес. Поради важноста и улогата на сите чинители во буџетскиот процес, битно е да се знае и разбере како тече целата процедура на подготовка, предлагање, усвојување, ивршување и контрола на буџетот и да се знае точно улогата на сите овие учесници во овој процес. Целокупниот буџетски процес е опфатен и уреден со Законот за буџети и во основа тој ги опфаќа трите главни фази, односно, фазата на подготовка на буџетот, фазата на донесување на буџетот и третата фаза го опфаќа процесот на извршување на буџетот.

Фазата на *подготовка* на буџетот започнува врз основа на член 19, став 3 од Законот за буџетите, каде Министерството за финансии, заклучно со 30 септември, е должно до

градоначалникот на општината да достави таканаречен буџетски циркулар во кој се содржани насоките за подготовка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната буџетска година и информации за дотациите до единиците на локалната самоуправа, кои се трансферираат од централниот буџет. Буџетскиот циркулар за изготвување на буџетот вклучува посебни информации за процесот на буџетирање, информации за формата, содржината на буџетот, односно планирање на расходите по програми и потпрограми согласно изворните и пренесените надлежности. Буџетскиот циркулар за изработка на општинскиот буџет уште содржи и информации за проценетите приходи за планираната буџетска година, податоци за приходите кои се распределуваат помеѓу централниот буџет и буџетите на општините. Исто така, во буџетскиот циркулар се дадени и стратешките приоритети на владата за наредниот период, дадени се објаснувања за распределбата на приходите од ДДВ, како и номинални износи кои ќе се распределат на општините по оваа основа и крајно, буџетскиот циркулар дава насоки и номинални износи за наменските, блок дотациите и другите дотации за општините, утврдени со закон. Наменските односно блок дотациите со точни износи се прецизирани во буџетскиот циркулар, соодветно за секоја група единки корисници, а посебно се дадени износите за единките корисници, градинки, основно образование, средно образование и делот кој отпаѓа на наменски дотации за територијалните противпожарни единици, соодветно во оние општини каде постојат како такви.

Во начинот на техничката подготовка на буџетот во соработка помеѓу Министерството за финансии и општините во изминатиот период извршено е значително подобрување во формата и содржината на буџетот и изготвена е единствена унифицирана апликација преку која се подготвува и изработува буџетот. По добивање на буџетскиот циркулар, започнува втората фаза, фазата на *донесување* на општинскиот буџет, и започнува со изготвување и достава на Предлог буџетски календар, од страна на градоначалникот до советот и телата на советот, документ кој во себе ја содржи целокупната постапка во донесувањето на буџетот, поодделно како по активности, така и со можни датуми за извршување на тие активности. Постапките, процедурите како и надлежностите се дефинирани во буџетскиот календар и тие по тој редослед се извршуваат во фазата на подготовка на буџетот. По донесувањето на буџетскиот календар, градоначалникот, односно стручните служби, пристапуваат кон изработка на општински буџетски циркулар. Тој се доставува до единките корисници на буџет, односно општинските буџетски корисници кој треба да ги подготват согласно напатствијата во циркуларот со образложение на потребните средства и предлозите, како во делот за наменските односно блок дотациите, така и во делот од самофинансирачките активности. Принципот на ефективност и економичност во процесот на буџетирање е еден од основните темели врз кој се темели буџетирањето. Од тие причини квалитетотот на извршување на обврските на ЕЛС неопходно бара целосно планирање на расположливи ресурси како и активности кои се во надлежност на општината.

Согласно постапките во буџетскиот процес како и активностите по буџетскиот календар усвоен од Советот на општината, администрацијата во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски ресурси утврдени согласно законската регулатива. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво (ДДВ, блок дотациите и наменски дотации ), ја дефинираат вкупната маса на средства на општината кои стојат на располагање за решавање на одредени проблеми, потреби, активности и надлежности во буџетската година.

Во проектирањето на трошоците, односно изготвувањето на расходниот дел кој всушност е начин на трошење на прибраните приходи, посебно се води сметка за укажувањата и потребите на граѓаните во процесот на решавање на комуналните проблеми, се земаат во предвид предлозите и

барањата на месните и урбаните заедници, плановите на основните училишта, средните училишта и детските градинки, тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината имајќи ги во предвид долгорочните и годишните програми.

Утврдените активности на општината искажани како трошоци опфатени се во соодветни програми во буџетот што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот.

По завршување на претходно опишаните постапки, активности и процедури, Советот на општината најкасно со 31 декември во тековната година го донесува буџетот за наредната година и донесува Одлука за извршување на буџетот, со што фактички започнува последната фаза во целокупниот овој процес а тоа е фазата на *извршување* на буџетот.

## *ИЗВОРИ НА ПРИХОДИ*

Приходите на единиците на локалната самоуправа се утврдени со Законот за финансирање на ЕЛС.

Согласно член 2 од Законот за буџетите, буџетот на ЕЛС претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на донации, буџет на дотации и кредити.

Имајќи ги во предвид горе наведените закони, ЕЛС остварува приходи од следните извори:

- ***Сопствени*** Etu1080 извори на приходи ***(колона буџет),*** кои се остваруваат врз основа на наплата на локални даноци, надоместоци, такси, приходи по основ сопственост.
- ***Приходи по основ на трансфери*** од буџетот и буџетите на фондовите на РМ (опфатени во колоната буџет), средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери.
- ***Приходи на училиштата, детските градинки*** за вршење редовна дејност, опфатени во колоната приходи од самофинансирачки активности,
- ***Приходи по основ донации,*** кои се остваруваат врз основа изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фонсови.
- ***Приходи по основ блок дотации*** за средно, основно образование и детска заштита.
- ***Приходи по основ наменски дотации за ТППЕ.***
- ***Приходи по основ кредитно задолжување.***

Приходите по основ наменски односно блок дотации опфатени се во колоната приходи од дотации и изнесуваат 366.195.402,оо денари, или поединечно по активности:

-  за финансирање на детска заштита 28.378.864,оо денари,
-  за финансирање на територијална противпожарна единица 8.982.000,оо денари,
-  за финансирање на основно образование 205.275.136,оо денари,
-  за финасирање на средно образование 123.559.402,оо денари.

## *СОДРЖИНА И ПРОГРАМИ НА БУЏЕТОТ*

Содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифицираниот начин на изготвување и презентација утврдени од Министерството за финансии.

Општинскиот буџет се состои од општ и посебен дел.

Во општиот дел на буџетот на општината содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи,
- функционална класификација на расходите.

Посебниот дел на буџетот ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите донесен од страна на Министерството за финансии, групирани според корисници и програми.

Вкупните приходи на општина Охрид предвидени за 2015 година, изнесуваат 913.900.000,оо денари. Проекцијата е направена согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и согледаните активности и потреби на општина Охрид.

Расходите на буџетот, според корисници и намени, групирани се во соодветни програми. Буџетот на општина Охрид ги содржи следните програми:

A00 Совет на Општина ..............................................................15.690.000,оо ден.
D00 Градоначалник ........................................................................ 3.827.000,оо ден.
E00 Општинска администрација .......................................... 126.701.374,оо ден.
F10 Урбанистичко планирање .................................................. 4.000.000,оо ден.
FA0 Уредување на гр.земјиште (капитални трошоци) .......... 50.000.000,оо ден.
G10 Поддршка на локалниот економски развој ....................... 2.613.500,оо ден
G20 Поттикнување и развој на туризмот ................................ 10.000.000,оо ден.
GD- Проекти за енергетска ефикасност ................................... 500,000,оо ден.
J30 Јавно осветлување .............................................................. 43.000.000,оо ден.
J40 Јавна чистота ...................................................................... 5.000.000,оо ден.
J60 Одржување и заштита на локални улици и патишта .......... 1.000.000,оо ден.
J70 Одржување и користење на паркови и зеленило ............... 4.500.000,оо ден.
J80 Други комунални услуги ..................................................... 3.370.000,оо ден.
JD0 Изградба и реконструкција на локални патишта .............. 33.500.000,оо ден.
JF0 Изградба на сообраќајна сигнализација ............................ 4.000.000,оо ден.
JG0 Изградба на системи за водоснабдување ......................... 9.200.000,оо ден.
JI0 Изгр. на системи за одвед. и пречист. на отпадни води ... 11.000.000,оо ден.
К40 Културни манифестации и творештво ............................. 4.816.000,оо ден.
L00 Спорт и рекреација ............................................................ 11.000.000,оо ден.
N10 Основно образование ........................................................ 19.667.000,оо ден.
N20 Средно образование .......................................................... 6.500.000,оо ден.
R10 Заштита на животната средина и природа ....................... 1.000.000,оо ден.
V10 Детски градинки ................................................................. 5.000.000,оо ден.
W00 Противпожарна заштита .................................................... 16.966.000,оо ден.

Секоја програма и потпрограма е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдени од Министерството за финансии. Наведените износи во програмите се однесуваат на средства од основниот буџет, додека средствата по основ блок и наменски дотации се погоре објаснети. Поблиска распределба по корисници и намена дадена е во посебниот дел на буџетот.

# Биланс на приходи на ниво на ставки

| Категорија Ставка | О П И С | 2013 Завршна сметка | 2014 Предходен буџет | Б У Џ Е Т 2015 Буџет | Приходи од самофин. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ Приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 747,210,291 | 769,060,000 | 392,850,874 | 21,600,000 | 366,195,402 | 6,200,000 | 127,053,724 | 913,900,000 |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **747,210,291** | **278,196,398** | **310,690,236** | **0** | **0** | **0** | **0** | **310,690,236** |
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекрШочна санкција забрана за врШење на професија, дејност или должност;

-има минимум три години работно искуство;

-поседува меЃународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа за претседателот : тоефел ибт (TOEFL iBT) - најмалку 45 бода, иелтс (IELTS) - најмалку 3.5 бода, пет (Cambridge English: Preliminary)-положен, бек п( Business English Certificate: Preliminary)-положен, булатс ( BULATS ) - најмалку 40 бода или Аптис (APTIS) - најмалку ниво B1 (Б1);, а за членовите тоефел ибт (TOEFL iBT) - најмалку 30 бода, иелтс (IELTS)-најмалку 3 бода, кет (KET)(Cambridge English) - положен, булатс (BULATS) - најмалку 20 бода или аптис ( APTIS)-најмалку ниво А2 (А2) и

-има положено психолоШки тест и тест за интегритет

**Член 3**

Во **членот 20 се менува ставот 3** и истиот гласи:

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

-е државјанин на Република Македонија;

-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или заврШен VII/1 степен образование;

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекрШочна санкција забрана за врШење на професија, дејност или должност;

-има минимум три години работно искуство;

-поседува меЃународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа за претседателот : тоефел ибт (TOEFL iBT) - најмалку 45 бода, иелтс (IELTS) - најмалку 3.5 бода, пет (Cambridge English: Preliminary)-положен, бек п( Business English Certificate: Preliminary)-положен, булатс ( BULATS ) - најмалку 40 бода или Аптис (APTIS) - најмалку ниво B1 ( Б1);, а за членовите тоефел ибт (TOEFL iBT) - најмалку 30 бода, иелтс (IELTS)-најмалку 3 бода, кет (KET)(Cambridge English) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода или аптис ( APTIS)-најмалку ниво А2 (А2) и

-има положено психолоШки тест и тест за интегритет

**Член 4**

Во **член 21 став 2** зборовите “Изборот се врШи врз основа на јавен конкурс” се заменуваат со зборовите “За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците Што се издаваат на јазикот Што го зборуваат најмалку 20 % од граЃаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик”.

Во **член 21 се менува став 3** и истиот гласи:

Директорот на јавното претпријатие може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.

**Член 5**

Во **член 22 се менува став 2** и истиот гласи:

За Директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

-е државјанин на Република Македонија;

-има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или заврШен VII/1 степен образование;

-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекрШочна санкција забрана за врШење на професија, дејност или должност;

-има минимум пет години работно искуство;

-поседува еден од следните меЃународно признати сертификат или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: тоефел ибт (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, иелтс (IELTS) - најмалку 6 бода, илец (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 ( B2) ниво, фце( FCE Cambridge English:First) - положен, булатс (BULATS) - најмалку 60 бода, или аптис (APTIS) најмалку ниво Б2 (B2) и

-има положено психолоШки тест и тест за интегритет

**Член 6**

Во **член 33** се бриШат ставовите 8, 9, 10, 11, 14 и 15.

Ставовите 12 и 13 стануваат 8 и 9.

Во став 4 од член 33 зборовите "Баталјон Мирче Ацев" се заменуваат со зборот АСНОМ.

Во став 8 од член 33 зборовите "Подружница бр.5" се менуваат со зборовите "Подружница бр.3" а зборовите "Климентов универзитет" се заменуваат со зборовите "Булевар Тустистичка" а posle niv и се додаваат зборовите "Зграда на Градски Пазар" Охрид.

Со измените членот 33 гласи:

"Претпријатието може да основа подружници како издвоени организациони единици.

Одлука за основање подружници носи Управниот Одбор на претпријатие.

Подружниците се именоваат како Што следува:

Подружница бр.1 **"Комунална Хигиена и Механизација"** ул."АСНОМ" бб.

Претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2, **38.11- собирање на безопасен отпад**

Подружница бр.2 **"Паркови и зеленило"**, "Комплекс Расадник" бб.

Претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2**, 81.30-услужни дејности за уредување и одржување на животната средина**

Подружница бр.3 **"Наплатна служба"**, ул."Булервар Туристичка" бб, Зграда на Градски пазар Охрид

Претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2, **39.00 - Дејности на санација и останати услуги за управување со отпад."**

**Член 7**

Во **членот 35 став 1 точка 1** по четвртата цртичка се додаваат две нови цртички кои гласат:

-Одделение Депонија

-одржување и управување со депонијата како простор кој е специјално уреден за трајно депонирање на отпадот и врШење на други работи.

**Член 8**

Во **членот 35 точка 6 потточка 1** се бриШе цртичка 2.

Во **членот 35 став 1 точка 6** се додава точка 3 и истата гласи:

“3.Сектор за безбедност и здравје при работа

- изготвување и спроведување на изјава за безбедност за секое работно место; Учествува при изборот на работна опрема и нејзино користење, а која е под влијание за безбедност и здравје при работа, работни услови и работна околина; Дава мислење при планирање, избор и купување како и одржување на средствата за работа; Организира редовни и вонредни прегледи на хемиските, физичките или биолоШките ризици на работната средина и работната опрема; Изработува упатства и посебни известувања заради информирање на вработените, за безбедно извршување на работата; Се грижи пристапот до работните места изложени на специфична и сериозна опасност да е дозволен само на вработените кои добиле посебни упатства за работа на таквите работни места; Подговтува програма и спроведува обука на вработените за безбедно извршување на работата; Води евиденција за стручни обучување и оспособување на вработените, извршени здравствениии прегледи, извршени прегледи на средствата за работа како и извршени испитувања на физичките, хемиските и билоШките Штетности на работните простории; Се грижи за безбедносните мерки против пожар, Предлага мерки за прва помоШ и евакуација во случај на опасност; Ги обиколува, посетува работните места поради увид на состојбата со безбедност при работа; Разговара со директорот за потребите од разреШување на праШање за безбедност и здравје при работа; Ја известува инспекцијата на трудот заради посредување, дава свое мислење и има увид во записникот на инспекторатот; Може да побара информнации и има пристап до изјавите за процена на безбедноста како и извеШтаите и документите во врска со планирање и уредување на безбедноста и здравјето при работа. “

**Член 9**

Во **член 43 став 1 цртичка 4** - Правилник за ХТЗ се бриШе, а се додаваат осум нови цртички кои гласат:

-Правилник за безбедност и здравје при работа

-Правилник за заШтита и спасување од пожари

-Правилник за безбедност и здравје при работа и лична заШтитна опрема

-Правилник и упатство за евакуација и спасување на вработените во случај на вонредни ситуации во деловните простории на јавното претпријатие

-План за давање на прва помоШ

-План за заШтита и спасување од природни непогоди и други несреЌи

-Проценка на работи, објекти кои би биле загрозени при појава на кризи кај јавното претпријатие

-Проценка на ризик на работни места со изјава за безбедност.

Цртичката 6 станува цртичка 13.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на опШтина Охрид.

**Член 11**

Надлежните служби во ЈП Охридски Комуналец - Охрид должни се да изготват пречистен текст на Статутот на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид кој Ќе ги содржи измените и дополнувањата согласно оваа Одлука.

**Претседател на Управен одбор**
**на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид**
**Љубица Смилеска Мојсоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА УКИНУВАЊЕ НА ПОДРУЖНИЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид за укинување на подружници, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/39** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД ЗА УКИНУВАЊЕ НА ПОДРУЖНИЦИ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за укинување на подружници на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-2193/6 од 09.12.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 19 ст.2, точка 1 од Законот за Јавни Претпријатија (Службен Весник на РМ бр.38/1996, 6/2002, 40/20003, 49/2006, 22/2007, 6/2013, 119/2013 и 41/2014), Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунална дејност “Охридски Комуналец” - Охрид на својата седница одржана на ден 09.12.2014 година ја донесе следната

## Одлука
## за укинување на подружници

**Член 1**

Со оваа Одлука се укинуваат следните подружници :

Подружница бр.3 **“Градежни работи, гробиШта и погребални услуги“** ул.“15-ти Корпус“ бб, Охрид со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2, **96.03-Погребни и слични дејности**

Подружница бр.4 **“Градски пазар“** ул.“Туристички булевар“ бб,Охрид со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2, **52.24-Претовар на товар.**

Подружница бр.6 **“Наплатна служба“** ,“ТЦ Трудбеник бб, Охрид со претежна дејност согласно Националната класификација на дејности НКД 2 Рев.2, **39.00-Дејности на санација и останати услуги за управување со отпад.**

**Член 2**

Укинувањето на подружниците број 3 и 4 е како резултат на одземањето на одделни дејности на јавното претпријатие од страна на Советот на опШтина Охрид како основач на претпријатието и формирање на нови претпријатија.

Укинувањето на подружницата број 6 е како резултат на постоење на една подружница Наплатна служба која ни е доволна за извршување на нашата дејност.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на Советот на општина Охрид.

**Управен одбор**
**на ЈП “Охридски Комуналец” - Охрид**
**Претседател,**
**Љубица Смилеска Мојсоска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/40** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП„Градски гробишта“ Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид бр.02-1256/5 од 27.11.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП Градски Гробишта Охрид Управниот Одбор на ЈП Градски Гробишта Охрид ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Гробишта Охрид бр.02-712/2 од 05.09.2013год.

**Член 2**

Членот 3 се менува и истиот ќе гласи:
Висината на надоместокот за одржување на гробиштата (гробарина) за периодот 01.01.2015 до 31.12.2015 година изнесува:

- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателство на едно гробно место/годишно)-------------------------------------------571,оо денари;

- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на две гробни места/годишно)-------------------------------------------952,оо денари;

- Одржување на гробиштата – гробарина ( за старателсво на три или повеќе гробни места/годишно)------------------------------------------1.143,оо денари.

**Член 3**

Во член 4 точка 7 зборот “ден.“ се менува и гласи “ден./м2“;
Во точка 8 зборот “ден“ се менува и гласи “ден./м2“;
Во точка 25 после зборот “песок“ се додава зборчето “до“;
Во точка 26 после зборот “песок“ се додава зборчето “до“;
Во точка 27 после зборот “подлога“ се додаваат зборовите “со мал слој ризла за поравнување“ ;

Во точка 29 бројот “18“ се заменува со бројот “8“;
Во точка 43 по зборот "клупа" се додава зборчето "до";
Точката 45 се менува и гласи:
“Промена (ковање) на даски, ламперија на под, зид и стреа без фарбање___________1.050,оо ден./м2“;
Точка 57 се менува и гласи:
“Вадење и повторно поставување на истите камени и бетонски рабници _______________550,оо денари/парче“;
Во точка 82 “м3“ се заменува со “м2“;
Во точка 83 по зборот “керамички“ се додаваат зборовите “бетонски и бехатон“.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање на согласност од Советот на Општина Охрид.

**ЈП Градски Гробишта Охрид**
**Претседател на УО**
**Никола Савиќ, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ – ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини Извори“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/41**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ И ПАРКИНГ ПРОСТОРИ СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини извори“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-1440/4 од 19.12.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-4189/41**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 22 од Статутот на ЈП Билјанини извори - Охрид, Управниот одбор на ЈП Билјанини извори Охрид на состанокот одржан на ден 19.12.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За дополнување на одлуката за утрдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува**
**ЈП Билјанини извори - Охрид**

**Член 1**

Се врши дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП Билјанини извори - Охрид бр.02-879/3 од 10.09.2013 година,така што:

**Во член 3,**во глава **:"Користење на фудбалски тревнати терени се утврдуваат следните цени",**после подглава: **"помошен фудбалски терен - запад,север"** се додава нова подглава која гласи:

**"Помошен фудбалски терен со вештачка трева":**

| | |
|---|---|
| - тренинг (екипи) 90 минути | 4.500,00 денари |
| - тренинг (детски фудбалски школи) | 800,00 денари |
| - рекреации (на половина терен) | 1.200,00 денари |
| - натпревар | 12 .000,00 денари |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето согласност од советот на општина Охрид.

**Бр.02-1440/4**
**Од 19.12.2014 година**
**Охрид**

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Митрески Ѓорѓи, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на користење на паркинг простор од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/42**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид и го отстапува на користење следниот паркинг простор:

- Паркинг просторот кој се протега на дел од ул.„Даме Груев“ од десна страна и тоа од пресекот со ул.„Бул. Македонски Просветители“ до пресекот со ул.„Бул. Туристичка“.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07-4189/42**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД КОН ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуките за усвојување на Спогодбата за присоединување на ЈП „Погребни услуги“ Охрид кон ЈП „Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржанана ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/43**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКИТЕ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД КОН ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуките за усвојување на Спогодбата за присоединување на ЈП„Погребни услуги“ Охрид кон ЈП„Градски гробишта“ Охрид, донесени од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид бр.02-1382/3 од 25.12.2014 година и Управниот одбор на ЈП„Погребни услуги“ Охрид бр.02-33/7 од 25.12.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-4189/43**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 19 од Статутот на ЈП "Градски гробишта" Охрид, Управниот одбор на ЈП "Градски гробишта" Охрид на дваесет и осмата седница, одржана на 25.12.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Спогодба за присоединување на ЈП "Погребни услуги" Охрид кон ЈП "Градски гробишта" Охрид**

**Член 1**

Управниот Одбор на ЈП "Градски Гробишта" Охрид ја усвојува Спогодбата за присоединување на ЈП "Погребни услуги" Охрид кон ЈП "Градски Гробишта" Охрид.

**Член 2**

Искажаните состојби за финансиската ситуација на ЈП "Погребни услуги" Охрид во Спогодбата конечно ќе се утврдат со завршните сметки за 2014 година на двете јавни претпријатија, како и со ревизорскиот извештај којшто ќе се добие по извршената ревизија.

**Член 3**

Состојбата на двете јавни претпријатија утврдени со Билансот на успех и Билансот на состојба ќе се утврди заклучно со 31.12.2014 година.

**Член 4**

Утврдените датуми за престанок на деловните активности на ЈП "Погребни услуги" Охрид, како и датумот од кога зделките на јавното претпријатие коешто се присоединува од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на јавното претпријатие коешто превзема утврдени во Спогодбата ќе се сметаат како дел на оваа Одлука.

**Член 5**

За разрешувањето на имотно-правните односи, како и обврските на ЈП "Погребни услуги" Охрид се овластуваат и задолжуваат Директорот на ЈП "Градски Гробишта" Охрид и досегашниот Директор на погребни услуги заедно со локалната самоуправа да ги разрешуваат во границите на овластувањата и можностите.

**Член 6**

Управниот Одбор на ЈП "Градски Гробишта" Охрид го прифаќа како работник во сопствената фирма досегашниот Директор на ЈП "Погребни услуги" Охрид, со звање дипломиран

правник, на работни задачи утврдени со систематизацијата на работни места во ЈП “Градски Гробишта” Охрид.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до надлежен нотар на заверка и до Советот на Општина Охрид на усвојување.

**Управен Одбор на**
**ЈП “Градски Гробишта” Охрид**
**Претседател**
**Никола Савиќ, с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на ЈП “Погребни услуги” Охрид и член на член 19 од Законот за јавни претпријатија, Управниот одбор на ЈП “Погребни услуги” Охрид на осмата седница, одржана на 25.12.2014 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Спогодба за присоединување на ЈП “Погребни услуги” Охрид кон ЈП “Градски гробишта” Охрид**

**Член 1**

Управниот Одбор на ЈП “Погребни услуги” Охрид ја усвојува Спогодбата за присоединување на ЈП “Погребни услуги” Охрид кон ЈП “Градски Гробишта” Охрид.

**Член 2**

Искажаните состојби за финансиската ситуација на ЈП “Погребни услуги” Охрид во Спогодбата конечно ќе се утврдат со завршните сметки за 2014 година на двете јавни претпријатија, како и со ревизорскиот извештај којшто ќе се добие по извршената ревизија.

**Член 3**

Состојбата на двете јавни претпријатија утврдени со Билансот на успех и Билансот на состојба ќе се утврди заклучно со 31.12.2014 година.

**Член 4**

Утврдените датуми за престанок на деловните активности на ЈП “Погребни услуги” Охрид, како и датумот од кога зделките на јавното претпријатие коешто се присоединува од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на јавното претпријатие коешто превзема утврдени во Спогодбата ќе се сметаат како дел на оваа Одлука.

**Член 5**

За разрешувањето на имотно-правните односи, како и обврските на ЈП “Погребни услуги” Охрид се овластуваат и задолжуваат Директорот на ЈП “Градски Гробишта” Охрид и досегашниот Директор на погребни услуги заедно со локалната самоуправа да ги разрешуваат во границите на овластувањата и можностите.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до надлежен нотар на заверка и до Советот на Општина Охрид на усвојување.

**Управен Одбор на**
**ЈП “Погребни услуги” Охрид**
**Претседател**
**Николоски Љупче, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година.

**Број 08-4189/44**
**30.12.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.12.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2015 година.

**Член 2**

Просторот за поставување на урбана опрема за продажба (точка 4.1 од Годишната програма), површината за поставување урбана опрема во функција на туристички, спортски и културни настани (точка 4.3 од Годишната програма), просторот наменет за површини за покриени и непокриени шанкови (точка 4.6 од Годишната програма) и рекламни и информациони паноа (точка 4.13 од Годишната програма), ќе се издаваат по пат на јавен оглас со јавно наддавање.

**Член 3**

- За поставување на урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м x 1.00 м и 1.60 м x 1.00 м, почетната цена изнесува 3.000,оо денари месечно;

-За издавање на простор за поставување на фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5.000,оо денари месечно по локација, а на една локација можат да се постават 2 (два) стандардни фрижидери;

- За издавање на простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8.000,оо денари месечно;

- За издавање на простор за продажба на народни ракотворби, почетната цена изнесува 3.000,оо денари месечно;

- За издавање на простор за продажба на книги на типска опрема, почетната цена изнесува 8.000,оо денари месечно;

-За користење на површини за поставување на детски игралишта (забава на отворено), почетната цена изнесува 250,оо денари по м2 месечно;

- За користење на површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 20,оо денари по м2 дневно;

- За користење на површини за поставување на унифицирана урбана опрема за презентација, почетната цена изнесува 2.000,оо денари по м2 дневно;

- За користење на површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 3.500,оо денари по м2 месечно

Во цената за закуп не е опфатена комуналната такса.

**Член 4**

Користењето на просторот за поставување на урбана опрема од член 3 став 1 алинеа 1, 2, 3, 4 и 6 ќе го опфаќа периодот наведен во јавниот оглас.

Користењето на просторот за поставување на покриени и непокриени шанкови ќе го опфаќа периодот наведен во јавниот оглас.

Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти ќе се склучуваат на период од:

- минумум 3 месеци, без право на продолжување на периодот на закуп,
- 6 месеци со можност за продолжување на периодот на закуп за уште 6 месеци и
- 12 месеци.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2014 година бр.07-2653/45 од 11.03.2014 година.

Важноста на оваа Одлука е до донесување на следната Одлука за поставување на урбана опрема во општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 07-4189/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**30.12.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 80, 80-а и член 81 од Законот за градење (“Службен.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 28/14, 42/14 и 115/14) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење (“Службен.весник на РМ“ бр.149/14) за изработка на **ГОДИшНА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид 2015 година,** Трговското друШтво за производство, трговија и услуги ДБ СТИЛ Ко. Охрид, ДООЕЛ го издава следното

**Р Е ш Е Н И Е**

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **ГОДИшНА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид 2015 година,** со технички број **05/14** како изврШители се назначуваат:

- Соња ФилдиШева, дипломиран инженер архитект
- Јован МилоШески, дипломиран инженер архитект

Планерите се должни документацијата да ја изработат согласно Законот за градење (“Службен.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14), Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

**УПРАВИТЕЛ**

Јован МилоШески, диа

# СОДРЖИНА

***И. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА***

***ИИ. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ***

1.ВОВЕД
2.ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3.ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА
4.1. Урбана опрема за продажба
4.1.1. Билети за јавен превоз, весници, цвеЌиња
4.1.2. Храна
4.1.3. Сувенири
4.1.4. Сладолед
4.1.5. Уметнички слики

4.1.6. Народни ракотворби .
4.1.7. Книги
4.2. Автобуски постојки
4.3. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани
4.3.1.Урбана опрема (забава на отворено)
4.3.2.Забава во затворен (наткриен) простор
4.3.3. Забава на отворен - затворен простор - “балони“
4.3.4. Презентација
4.3.5. Мобилни реклами
4.4. Тераси со и без настреШници
на опШтините
4.4.1.Маси и столови
4.5. Платформи за разни манифестации на копно и на водна поврШина
4.6. Покриени и непокриени Шанкови
4.7.Пливачки објекти
4.8. Паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објектина опШтините
4.9. НастреШници и тенди
4.10. Телефонски говорници, фонтани, чеШми, клупи и корпи за отпадоци
4.11. Јавни санитарни јазли
4.12. Детски игралиШта
4.13. Рекламни и информациони паноа
4.14.Туристички инфо центри
4.15. Културни инфо центри
4.16.Touch screen апарати
1.17. Урбана опрема за туристичка информација
4.18. ПоврШини за подвижна урбана опрема
4.19. Велосипедски терминали
4.20. Банкомати
4.21. Јарбол пред конзуларни претставниШтва
5. МЕРКИ ЗА ЗАш ТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
6. ОПш ТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

## *III.* ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА…………………..1:5000
2. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 1)……….1:1000
3. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 2)............1:1000
4. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 3)............1:1000
5. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 4)............1:1000
6. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 5)............1:1000
7. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 6)............1:1000
8. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 7)............1:1000
9. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 8)............1:1000
10. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 9)............1:1000
11. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 10)………1:1000
12. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 11)...........1:1000
13. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 12)...........1:1000
14. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 13)...........1:1000
15. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 14)...........1:1000
16. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 15)..........1:1000
17. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 16)..........1:1000
18. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 17).........1:1000

19. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 18)..........1:1000
20. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 19)..........1:1000
21. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 20)..........1:1000
22. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 21)..........1:1000
23. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 22)..........1:1000
24. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 23)..........1:1000
25. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 24)..........1:1000
26. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 25)..........1:1000
27. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 26)..........1:1000
28. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 27)..........1:1000
29. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 28)..........1:1000
30. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 29)..........1:1000
31. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 30)..........1:1000
32. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 31)..........1:1000
33. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 32)..........1:1000
34. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 33)..........1:1000
35. шЕМА НА ПОВРшИНИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА (ДЕЛ 34)..........1:1000

# ГОДИшНА ПРОГРАМА

## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРшИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИшТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПшТИНА ОХРИД

# I. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

### 1.ВОВЕД

Годишната програма за поставување на урбана опрема да се изработи во согласност со Законот за градење (“Службен.весник на РМ” бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14 42/14, 115,14 и 149/14), поточно согласно член 80 и 80-а од наслов В Одобрение за градба, поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка 4 од наслов I.

Урбаната опрема да се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, водејЌи сметка да не се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.

Исто така, Годишната програма за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид треба да биде изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Законот за заШтита на културното наследство ("Службен весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), како и Законот за прогласување на старото градс" бр.47/11).

Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема.

**2. ПРОГРАМСКИ БАРАЊА**

Со оваа годишна програма за поставување на урбана опрема треба да се дефинираат / утврдат бројот, видот и големината на урбана опрема, како и локациите и објектите на кои може да се постави истата.

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози треба да ја опфати целата територија на Општина Охрид, во градот, како и надвор од градот за поставување на Урбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби на Законот за градење (“Службен.весник на РМ” бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14). Урбана опрема дефинирана со овој член се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Во текстуалниот дел да се даде опис и образложение за поставување на урбана опрема, поединечно за сите видови урбана опрема со опис на локации.

Програма за урбана опрема треба да содржи општи услови за поставување на урбана опрема.

Графичкиот прилог треба да содржи графички приказ на локации со легенда за секој тип на урбана опрема.

**Составен дел на техничката спецификација е ажурирана геодетска подлога која е прикачена во електронскиот систем за јавни набавки.**

Сектор за урбанизам и
управување со градежно земјиште

## 1.ВОВЕД

Изработката, донесување и спроведување на планска документација за Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид е законска обврска на Локалната самоуправа. Документацијата е изработена по барање и за потребите на ЕЛС Охрид.

Годишната програма за поставување на урбана опрема е изработена во согласност со Законот за градење (“Службен.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14), поточно член 80, 80-а и член 81 од наслов V Одобрение за градба, поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка 4 од наслов I. Општи одредби. Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на

Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на ОпШтина Охрид.

Исто така, ГодиШната програма за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид треба да биде изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ“ бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Законот за заШтита на културното наследство (“Службен весник на РМ“ 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13 и 137/13), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (“Службен весник на РМ“ бр.47/11). Тоа е потребно бидејки делови од просторот кој треба да се уреди припаЃаат на **Старото градско јадро на Охрид** кое претставува **споменичка целина**, како и на контактната зона на Старото градско јадро на Охрид.

ГодиШната програма за поставување на урбаната опрема во ОпШтина Охрид ја утврдува Советот на ОпШтина Охрид, по претходно добиено Позитивно Мислење од страна на Националната установа - Завод за заШтита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.

**Позитивното мислење е потребно, иако ГодиШната програма за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид не е Детален урбанистички план од член 6 на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (“Службен весник на РМ“ бр.47/11), бидејки е планска документација која го уредува просторот за чија заШтита, уредување, ревитализација и рационално користење е надлежна Националната установа - Завод за заШтита на спомениците на културата и Музеј - Охрид, која управува со Старото градско јадро на Охрид во името на Република Македонија.**

Во името на локалната заедница управува ОпШтина Охрид (член 10 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (“Службен весник на РМ“ бр.47/11).

**Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација со која ГодиШната програма за поставување на урбана опрема во ОпШтина Охрид Ќе се спроведува.**

## 2. ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Основна причина** за изработката на ГодиШната програма за поставување на урбаната опрема во ОпШтина Охрид е законската обврска за нејзина изработка, донесување и спроведување.

**Целта** на изработката на ГодиШната програма за поставување на урбана опрема е плански да се уреди подрачјето на ОпШтината, односно да се означат површините каде може да се постави опремата ( јавните површини на градежно изградено и уредено земјиШте, без притоа да се наруШи основната намена на просторот и безбедноста на сообраЌајот, сопственост на Република Македонија, каде има изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација ).

**3. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ**

ГОДИшНАТА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на ОпШтина Охрид е планска документација која се изработува за потребите на ЕЛС  Охрид,

**4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА**

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на поврШини во Охрид во најатрактивното подрачје кое е најпосетено од туристите, како и надвор од градот за поставување на Урбана опрема, преmа член 2, точка 4 од ОпШтите одредби на Законот за градење (“Службен.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14 и 149/14).

Урбана опрема дефинирана со овој член се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеЌиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставниШтва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настреШници, платформи за разни манифестации на копно и на водна поврШина, покриени и непокриени Шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на опШтините, рекламни и информативни паноа, детски игралиШта, настреШници кои се поставуваат на јавна поврШина, фонтани, чеШми, клупи и корпи за отпадоци.

